**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Четириесет и третата седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана на**
**20 ноември 2003 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието.

Пратениците Слободан Најдовски, Трифун Костовски, Зоран Томиќ, Ристо Пејовски, Ѓорѓи Трендафилов, Марија Којзеклиска, Сашко Ќедев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Теута Арифи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Хусеинџевад Хусеини, Замир Дика и Абдулаќим Адеми, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за вино.

Збор има пратеникот Јанаќе Витановски, а по него е пратеничката Ангелка Пеева-Лауреничиќ.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, гости, почитувани колеги и колешки,

Денеска пред нас пратениците на разгледување е Предлогот за донесување закон за вино, за мене доста важен закон и значаен, бидејќи со него се регулира еден важен производ за Република Македонија, а тој производ е виното.

Јас како пратеник кој доаѓа од Неготино, градот на грозјето и виното сакам да дадам свој придонес за донесување на квалитетен закон и ќе дадам свои забелешки и видувања по овој закон, за што мислам деа ќе бидат земени предвид во понатамошната постапка од страна на Владата.

На законот му посветувам поголемо внимание од причини што лозарството во Република Македонија е застапено на површина од околу 27 илјади хектари, при што

имаме годишно производство од околу 220 илјади тони грозје, од кои 180 илјади тони е винско грозје, а 40 илјади тони е трпезно грозје.

Годишното производство на вино во Република Македонија е 120 милиони литри квалитетно вино со заштитено географско потекло.

Почитувани колеги, со лозарството во Република Македонија се занимаваат голем број на граѓани, а голем дел од нив лозарството им е единствена егзистенција. А грозјето и виното се обележја на цели региони. На пример, Тиквеш, Повардарје, од каде што доаѓам и јас. Бидејќи Република Македонија е претежно земјоделска земја, а ги има сите предуслови, пред се климатски со најмногу сончеви денови во годината можеме да произведеме квалитетно грозје за квалитетно и врвно вино.

Сметам дека можеме да произведеме квалитетно вино, да произведеме врвни вина, вино по кое ќе се распознава Република Македонија во Европската Унија и во светот.

Сметам дека со овој закон тоа ќе го постигнеме. Со овој закон се поттикнува лозарството и винарството. Законот е во функција на заштита на виното. Законот дава можности да се произведат квалитетни вина за европскиот пазар, кои ќе бидат конкурентни, како на европските вина и светските вина. Сметам дека овој закон ќе биде во функција пред се, на лозарите и на винарите.

Денес во Република Македонија постојат повеќе од 20 винарски визби кои го произведуваат грозјето во квалитетни вина. Во последно време има тенденција од лозарите кои отвораат мали винарски визби, што сметам дека со овој закон ќе биде токму во нивна функција. За пример во Неготино во последните две години се отворија три нови мали винарски визби кои произведуваат квалитетни вина.

Но сега ќе се осврнам на една друга тема. 120-те милиони литри квалитетно вино, со заштитено географско потекло се пласираат и надвор од Република Македонија, од кои се остваруваат нето девизни ефекти од околу 30 до 40 милиони американски долари, што сметам дека ефетот е мал од причина што нашето вино само 20% се извезува како амбалажирано вино, а останатиот дел се пласира во наливно вино, што е апсурд.

Затоа сметам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а пред се и Владата на Република Македонија треба да превземат мерки и активности за надминување на оваа состојба да им помогнат на винарските визби да се опремат со опрема за амбалажирање на виното, со што ќе се зголеми количината на флаширано вино и амбалажирано вино во шише, а со тоа ќе се зголемат и девизните ефекти од продажба на вино.

Сметам дека Владата го предлага овој закон во прав момент, од причини што до сега во областа на лозарството ивинарството беше регулирано со Законот за вино од 1973 година кој на повеќе пати беше изменуван и дополнуван. Но денеска имаме новонастаната ситуација на пазарот на вино, а пред се побарување на вино од највисок квалитет. За останатите прописи за потеклото и квалитетот на виното и грозјето имаме и обврска за усогласување на националното законодавство со она на Европската Унија. Тоа се причините за донесување на овој нов закон за вино. Овој закон за вино е усогласен со законодавството на Европската Унија, а одредбите во него овозможуваат непречено функционирање на македонското лозарство и винарство во соглсност со пазарните правила кои дејствуваат во светски рамки.

Ќе се осврнам малку околу законот и текстот на законот. Што уредува овој закон? Со овој закон се уредува производството и прометот на грозје и вино и други производи од грозје и вино. Се уредува националниот регистар на лозови насади, се уредуваат правата и обврските на правните и физичките лица кои произведуваат и тргуваат со вино. Тоа што е многу битно е дека со овој закон се уредува описот, ознаката, обележјето, презентацијата и заштитата на виното. А кои се целите на овој закон? Целите на овој закон се заштита на интересите на производителите и потрошувачите, добро функционирање на внатрешен и надворешен пазар, унапредување на квалитетот на производите од грозје и вино и прилагодување на ресурсите според потребите на пазарот и употребата на инолошките средства и постапки.

Покрај ова, законот ги регулира производството и прометот на вино, а пред се лозовите насади, бидејќи од нив зависи и квалитетното вино. А заради евиденција на лозовите насади ќе води нациоален регистар на лозови насади. Обврска на производителите на грозје до 30 ноември да ги пријават количините на грозје, а производителите на вино до 31 декември да ги пријават залихите на вино. Законот овозможува лозарите да се здружуваат во здруженија на производители. Законот ги определува енолошките средства и постапки за производство на вино, описот, ознаките, презентацијата и заштитата на виното.

Јас ќе дадам свои забелешки на некои членови од законот, а пред се на членовите 12, 15, 32 и 33. За мене клучен член во законот е членот 11, за кој ќе дадам посебен коментар. Во членот 12 се определува кој може да се занимава со производство на вино. А тоа се правни и физички лица кои имаат соодветни простории, опрема и лица со завршен Земјоделски факултет, отсек лозарство, овоштарство, при што треба да имаат и соодветно работно искуство.

Сметам дека овој член ќе придонесе за отворање на нови мали винарски визби, а самиот факт дека треба да има вработено лице со висока стручна спрема е гаранција за производство на квалитетно вино. Ќе дадам свој осврт на член 15. Со овој член 15 се дава можност право на министерот да формира советодавен одбор за лозарство и винарство во кој се вклучени претставници на лозарите, винарите, но и претставници на Министерството за финансии, на Министерството за економија и стручни и научни установи. Тој советодавен одбор еднаш годишно дава извештај за својата работа. Јас се запрашувам овде и поставувам неколку прашања до министерот. Која политика од обласа на лозарството и винарството ќе ја врши ова тело. Да се прецизира надлежноста на ова тело, неговите работни задачи, права и обврски, колку членови ќе брои ова тело. Дали ова тело ќе расправа за квалитетот на грозјето, за квалитетот на виното, дали ќе расправа за цената, за пласманот, за откупот, за извозот на вино и тн. Во одредбите во членовите 32 и 33 ставени се одредби со чие исполнување македонските вина ќе можат да носат назив квалитетни вина и врвни вина, кои ќе можат да се пласираат на светскиот пазар и ќе бидат конкурентни на светските вина.

Како што истакнав порано клучен член на овој закон е членот 11, бидејќи тој ги дава насоките и ориентацијата за производство на квалитетно вино во Република Македонија.

Имено, само оние сорти на грозје што ќе ги пропише министерот можат да бидат садени. Се друго што ќе биде садено спротивно, ќе биде ископачено, освен кога производството е наменето за семејството на производителот, што сметам дека ова е во ред кога е во прашање одгледување на квалитетно грозје за добивање на квалитетно вино.

Бидејќи квалитетните вина се прават од висококвалитетно грозје, значи дека министерот ќе ја пропишува класификацијата на сортите на грозје кои ќе може лозарот да ги сади. Но во законот ја нема релацијата лозар-винар, односно во законот не можам да ја видам релацијата и односот помеѓу производителите на грозје, тоа се лозарите и производителите и преработувачите на вино, тоа се винарските визби. Дали посадената лоза и добиеното грозје кој го определил министерот во класификацијата на сортите ќе го откупи производителот на вино, кога зборуваме за пазарна економија и слобода на пазарот.

Ова го поставувам од следните причини: до сега постоеше една класификација на бели и црни вина, односно бели и црни сорти на грозје. Си има категории прва, втора и трета, а сите знаеме дека во Македонија основни сорти на

грозје се и тоа за белите е Смедеревката, а за црните вина е Кратошијата. Винарските визби кои што откупуваат грозје, на пример во Повардарје и Тиквеш, во еден период од годината, пет години ја бараат Смедеревката, па после пет години Кратошијата. Па во тој период еднаш се ископачува Кратошијата, а еднаш Смедеревката. Се тоа одеше во недоглед. После тоа се појавија висококвалитетни сорти на грозје. Пред се, од белите би ги напомнал Ракацители, Рајски ризлинг, Шардоне и тн. Од церните Кабране, Севињон, Мерлот, Вранец и други. Но постојано винарските визби еднаш бараат една сорта, друга година друга сорта. Луѓето не знаат што да садат, а знаеме дека лозјето дава грозје после три години. Можеби со овој закон ова ќе го надминеме.

Бидејќи зборуваме за откуп на грозјето мислам и за виното овде, би апелирал до сите откупни пунктови на Република Македонија, винарските визби кои што го немаат исплатено до сега грозјето, како што е тоа случај во Повардарје сопствениците тоа да го сторат, односно да го исплатат грозјето.

На крајот, сметам дека е добро што Владата предлага овој закон да оди во повеќе фази. Ова е прва фаза и по него можат да се изјаснат сите заинтересирани фактори, вклучувајќи ги лозарите и винарите. Па еве прилика сите лозари и винари да се вклучат и да дадат свој придонес во изградбата на овој и те како важен закон за овој важен производ за Република Македонија

На крајот сметам дека има потреба од донесување на овој закон и давам целосна поддршка што има уставен основ за негово донесување и начелата врз кои се заснова законот се врз основа на Уставот и правниот систем. Од причи што сметам дека со овој закон се овозможува непречено функционирање на оваа дејност во согласност со пазарните правила кои дејствуваат во светски рамки давам целосна поддршка.

И на крајот почитувани колеги дали знаете каде е вистината? Вистината е во виното. А вистината за виното е во овој закон. Затоа јас ќе гласам за овој закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави госпоѓа Ангелка Пеева-Лауренчиќ, а нека се припреми Соња Лепиткова.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани гости, почитуван министре Петров,

Дозволете ми најпрво да честитам на трудот што сте го вложиле при подготовката на еден ваков и обемен закон за вино, кој е неопходно потребен за функционирање на една дејност што според моето лично мислење, треба да биде една од основните стратешки определби во економијата на Република Македонија и поле на кое имаме простор да се покажеме и конечно да докажеме пред светот дека во Македонија има производи што можат да се мерат со најдобрите. Таквиот поединечен издвоен стратешки пристап кон една глобална дејност во кој што ќе се вклучат сите важни субјекти, а за такви ги сметам оние кои ја одгледуваат виновата лоза преку производителите на вино, па се до ресорното министерство и државата ќе добијат дополнителен мотив и енергија дека нешто сериозно се прави и дека Македонија навистина има намера достоинствено да се појави како сериозен конкурент со квалитет на светскиот пазар.

Претпоставувам дека ја сфативте пораката од претходно кажаното, а тоа е дека се залагам и дека верувам дека производството на вино и неговиот пласман надвор од државата, треба да биде наш национален и економски интерес.

Во изминативе години на самостојно опстојување поимот национален интерес навикнавме да го врзуваме со политички теми, стравувајќи од реални и нереални заговори. Сега е крајно време политичките теми да ги замениме со економски. За почеток предлагам една тема, за што како подлога совршено одговара на законот што денеска го имаме на дневен ред, т.е. Законот за вино.

Се надевам дека сите политички партии ќе имаат консензус по ова прашање, дотолку повеќе што ова прашање по мене е од национален интерес. Нема никаква допирна точка со ниту една политичка Влада, а уште помалку со внатре државен ваков или онаков конфликт. Еве полека можеме да ги извлечеме сите можни постоечки ресурси, да се екипираме и на пазарот домашен и странски да му продадеме добар производ, производ со потекло.

Како што претходно спомнав предложениот закон за вино е добра основа за сериозен и професионален старт. При подготовката на законот можете да одберете два пристапа едниот глобално да ги уредите прашањата, а деталите да ги утврдите со подзаконски акти и притоа да оставите пазарот и домашниот и странскиот да ве поучи колку и во која фреквенција истите ќе ги доуредувате или дополнувате.

Вториот е да ги утврдите сите елементи и тоа доста прецизно со ризик дека можеби ќе треба често да го менувате и дополнувате постојниот законски проект. Вие сте го одбрале вториот пристап на детална разработка на елементите и ситуациите врзани со проблематиката на виното. Избирајќи го тој пристап

претпоставувам согласно критериумите и барањата на Европската Унија, сметам дека премногу се централизирани прашањата и дека тоа ќе биде огромно оптоварување на ресорното министерство. А штом сте оптоварени можете и да грешите, освен ако се нема намера во истото да се оформи посебен сектор за вино.

Само за илустрација од понудените законски решенија министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство одлучува покрај останатото и за тоа какви и колку насади ќе смеат да се садат, па дали смејат да се копачат, па дали смејат повторно да се насадат, па се до тоа каква ќе биде димензијата на етикетата на амбалажата. Дека тоа не е прецизно барање од Европската Унија, при консултација со германскиот Закон за вино констатирав дека Министерството ги утврдува елементите што треба да стојат на етикетата, но не и нејзината димензија. Ако одиме во оваа насока тогаш сите вина кои што ќе излегуваат од Макеоднија ќе имаат иста етикета со различен дизајн, само еднаква димензија.

Но ако се тоа навистина, строги критериуми по барање на големиот европски пазар, тогаш му сугерирам на предлагачот законот да го дополни со следново. Неизбежните квалификации за суви, полусуви, слатки и полуслатки вина и критериумите врзани со таа квалификација. Додавањето на шеќер, т.е. гроздовиот концентрат, вода и слично е особено потребно за специфичните пазари кои пијат слатки вина, на пример германскиот пазар. Делот на пенливите вина е преопшто даден и треба да се доработи особено количините на шеќер и $CO2$, што смејат или не смејат да се додаваат во виното. Кој тип на вода смее да се додаде, кој тип на шеќер и тн. Да се поведе сметка за градацијата на квалитетот на виното дадено во овој закон каде што според постојното решение имаме мешање на принципите заради што имаме градација по квалитет на регионално, квалитетно и врвно вино, што според мое лично мислење и земање на територијален и квалитативен принцип, да се одредиме или за едниот или за другиот.

Со оглед на тоа дека законот е во прва фаза има доволно време да се размисли за изборот на пристапот на законската регулатива и за комплетно покривање на оваа дејност. Се разбира, бидејќи сме во прва фаза имаме доволно време, т.е. министерот има доволно време да ја консултира и стручната јавност и заинтересираната јавност по прашањето на производство на вино.

Овој закон треба да го следат и серија на планови и активности, што заедно ќе се врзат со стратегија за вино и тоа не е само работа на Министерството за земјоделие. Таа стратегија во себе треба да содржи прашања почнувајќи од едукација на стручни кадри за стандардизирано производство на вино како големо и

отворено прашање во Македонија, преку визуелниот идентитет на македонското вино, па се до неговата сериозна промоција надвор од Македонија, не само од стопанските субјекти, производители на вино, туку и од државата особено.

На крај, дозволете ми да потсетам, на мојата прва заложба, а тоа е да започнеме со креирање на економски национални интереси. Нека биде тоа виното за почеток.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има госпоѓа Соња Лепиткова, но тука би кажал дека следниот дискутант е г. Марјан Ѓорчев, него не го гледам, после него е г. Спиро Мавровски и него не го гледам и ако тие не дојдат во овој период, следниот дискутант кој што е тука е г. Слободан Даневски.

Повелете госпоѓо Соња.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани членови на Влада, господин министер, почитувани пратеници,

Навистина, е добро што оваа материја се има намера да се регулира со еден закон што значи дека Владата води грижа за оваа многу значајна дејност. Јас како пратеник не сум толку стручна од оваа област, но се надевам дека ресорното Министерство ни предлага закон, кој што е усогласен со знаењата во оваа област и дека изготвувањето на законот се консултирани соодвени институции, кои се занимаваат со оваа дејност.

Сметам дека законот, бидејќи се донесува во прва фаза, во понатамошната расправа треба да оди на поширока јавна расправа, како би можело да се слушнат и мислењата на дирекните земјоделски производители, производителите на вино и на оние на кој што овој закон како таков е и наменет.

Меѓутоа, би сакала да искажам некои мои видувања кои се однесуваат на одделни делови на законот, за кои сметам дека сум доволно квалификувана да говорам. Веднаш ќе се вклучам со дискусија по текстот на законот односно по одредени членови за кој што сметам дека треба да се дадат одредени видувања, одредени насоки, се со цел за подобрување на текстот на законот.

Во член 3 од Предлог на законот, точката 16 и 17 се зборува за квалитетно вино од геогравско потекло и врвно вино од геогравско потекло, при што се употребува терминот, со контролирано потекло.

Во поглавјето 3 опис, ознака, презентација и заштита во членот 27 се спомнува дека етикетата на виното, покрај другото, го содржи и потеклото на виното. Исто така, во член 29 повторно се зборува за геогравско потекло на виното. Сето ова е добро кажано, но во законот нема дел кој што се однесува на оваа материја односно како ќе се врши контролата на потеклото на виното. Ова е многу специфична материја и како таква би требало во законот попрецизно да биде дефинирана во однос на тоа кои методи на контрола на потеклото на виното ќе бидат користени, а истовремено истите ќе бидат како такви валидни.

Во главата 5 од овој закон надлежни органи во член 34 се зборува за оваа материја, меѓутоа, тоа не е прецизно кажано и доволно аргументирано, а да се однесува на тоа како ќе се врши одредба на потеклото на виното. Се зборува за енолошки испитувања, при што во член 22 од Предлог законот за тоа дека методите за анализи ќе ги пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во понатамошниот дел од овој член се зборува дека покрај методите утврдени со пропис на министерот, можат да се применуваат и методи на анализи кои што се признати од страна на Генералното собрание на меѓународната канцеларија за лозарство и винарство или соодветни стандарди препорачани од меѓународната организација за стандардизација. Мислам дека се нема намера да се пропишат некои процедури и норми кои не се стандардизирани, па затоа ваква формулација во овој член сметам дека не е потребна.

Почитувани пратеници,

Јас како експерт од областа на геохемијата, поточно од областа на геохемијата на средината, можам да ви кажам дека оваа материја, која се однесува на одредување на потеклото на виното ниту е така едноставна, ниту така едноставно ова прашање, може да му се даде одговор. Мислам дека треба во законот прецизно да се формулира прашањето за одредба на потеклото на виното. Методите кои ќе бидат користени, како и начинот на користење на овој префикс - контролирано потекло. Не е доволно одредбата, која е регулирана во член 22 и член 34 од овој Предлог на закон и би требало овие членови многу попрецизно формулирани. Сметам дека би требало во законот производителите на вино да се задолжат да го докажат потеклото на вино со методологии и техники, кои денес се зажечки и признаени од страна на Европската унија и само во тој случај да се употребува терминот контролирано потекло, што ќе значи дека при извозот на нашите вина во земјите на Европската унија нема да дојде до тоа да се враќаат одредени контигенти на вино токму поради фактот што не одговараат на наведеното потекло. Во таа

насока и во членот 31 од Предлог на законот, би требало да биде многу попрецизен од тоа што е кажано во самиот текст на законот. Имено, во него се зборува за тоа дека е возможно под геогравско потекло да се најдат и вина од други потекла, но само во случаи 85% од регионалното вино да потекнува од еден лозарски регион. По мене, многу е дискутабилно прашањето дали оваа определба ќе ги помине тестовите на Европската унија во однос на потеклото на вино и сметам лично дека нема така лесно да биде тоа, дибејќи строгите процедури на Европската унија кои се однесуваат на потеклото на виното, доколку оние 15% од другото потекло немаат соодветни карактеристики на исто потекло од еден регион, како и оние 85%. За таа цел во членот 9 од овој Предлог на закон би требало да има дополнување во однос на потеклото на вино кое ќе биде поврзано со регионите, во кои се произведува виното и во таа насока Националниот регистар на лозови насади, би требало да се заснова на одредени карактеристики кои произлегуваат од елементите кои се составен дел на контролираното потекло на регионите, а чии карактеристики се надоврзуваат и на виното со контролирано потекло.

Во тој случај и членот 31 би имал смисла кога мешањата на вината ќе бидат од исти региони, кои имаат исти, стручно кажано, изотопски карактеристики.

Почитувани пратеници, почитувани предлагажи на законот, сметам дека пред реализацијата на овој закон би требало во Македонија да се направи детално испитување, кое би се однесувало на елементи, кои што се поврзани со одредување на потеклото на виното и после тоа тие елементи да бидат вградени во законот како основи во поглед на регионализација на вината. За оваа работа треба да се примени соодветна методологија која што денеска се применува и во земјите на Европсакта унија на изотопски истражувања и во таа насока во делот кој што се однесува за спроведување на овој закон, нормално би требало да се предвиди и одредена количина на финансиски средства. Но, се со цел нашето вино да биде конкурентно и да нема проблеми при неговиот извоз во земјите во Европската унија, земајќи предвид дека виното е еден од стратешките земјоделски производи,  што во финансиски ефектуирани средства навистина зазема голем дел во девизните приходи кои што ги има државата од оваа област.

На крај, би сакала да искажам дека мој впечаток е, во текстот многу се употребува терминот министерот ќе пропише, ќе дозволи, ќе даде. Мислам дека би била подобра да се најде некоја друга формулација и се сложувам со констатацијата на колешката Пеева дека треба да се размислува, ако не, да се формира некоја нова управа, значи, да се промени еден нов друг закон и тогаш во самото тоа ресорно

Министерство да се формира сектор за вино, во кој што ќе бидат вклучени навистина стручни луѓе од оваа област, кои што овие насоки ќе можат како такви да ги регулираат и да се грижат, се со цел навистина оваа материја да ја уредиме и да биде компатибилна со оние од земјите од Европската унија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседател на Собранието, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине министер и почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Лозарството и винарството се како една комплементарна дејност и претставува една од највиталните и најживотворните дејности во земјоделското производство поодделно, а воопшто и во производството организирано на територијата на цела држава. И, тоа не само заради бројките и податоците за историското значење, за достигнатото ниво на технолошки развој, за она што претставува извозна компонента на виното и трпезното грозје од Република Македонија  и бројот на вработените како земјоделски домаќинства, така и вработени во винарските визби и оние што претставуваат финализатори на продуктот винова лоза, едноставно значењето е многу посеопфатно од аспект на тоа дека ако некаде во некоја дејност во Република Македонија може да каже дека се постигнува резултати по меѓународната поделба на трудот, рамно е на она што се постигнува ширум светот, тогаш тоа е сигурно оваа гранка, како по производство по единица површина, по единица хектар, така и производство во однос на квалитативните состојки на виновата лоза, произбводот грозје и квалитативни состојки на финалниот продукт вино.

Република Македонија тука може дефинитивно со она што го има како бренд, како име на тој производ, како македонско вино и македонско трпезно грозје, да се гордее, не само да се гордее, туку едноствно веќе е незаменливо присуството на нашите производи на пазарите ширум Европската унија. Дека во овој дел ние постигнавме многу, говори податокот дека само во оваа област Република Македонија може да се пофали успеа да биде пред другите поранешни држави од поранешната федерација, Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора, а и пошироко на Балканот во конкуренција со соседите Бугарија, Романија, Грција, можеме да кажеме дека постигнуваме извонредни резултати. Доказ за тоа е преговорите со

Европската комисија, со претседателот на Комисијата г. Штајнер за поделбата на бесцаринскиот извозен контигент што го имаше поранешната Федерација од 545 илјади хектари или 54,5 милиони литри вино, кои што поранешната Федерација Југославија ги извезуваше во Европската унија. После макотрпни преговори кои траеја повеќе години во врска и со сукцесијата на Југославија и во врска со сето она што претставуваше таа квота за Република Македонија, Република Македонија која што во таа поранешна квота учествуваше со едвај 18% од своето вино, се здоби со право на 18 декември 2001 година да извезува во Европската унија бесцарински контигент на вино, како наливно, така и флаширано од 30 милиони литри или 300 илјади хектолитри, поточно преточено во бројка, во процент 60% од поранешната Југословенска квота. Тоа покажува дека Македонија во овие изминати 12 години растеж на независност, сувереност и самостојност успеала да дојде пред Словенија, пред Хрватска, пред Србија и Црна Гора, кои што имаа и поголем процент и поголем број на хектари на винова лоза од насад и исто така поголеми капацитети за преработка, како што беа Словенија - вино, како што беше Жупа во Србија и Црна Гора и други капацитети. Едноставно, Македонија со она што го има како квалитет на својот производ, како технологија на производство, како познат бренд на македонското вино, заради сето она што го имаме 400 илјади хектари песоклива смолница, почвено климатски карактеристики и она што го имаме како знаење кај македонскиот човек, успеа да се наметне во Европската унија и денеска Македонија го испочитува целиот контигент за извоз во овие 12 години од 30 милиони литри во Европската унија бесцарински контигент, а уште толку е способна да извезе во земјите кои што аплицираат во Европската унија, пред се, Словенија, Полска, Чешка, а од земјите кои што имаат потпишано, парафирано спогодба за членување, тоа е пред се Бугарија, да не говориме за можностите кои што пред Република Македонија се отвораат со нашето присуство на пазарите на земјите од поранешниот Советски сојуз, Русија, Украина, Белорусија и земјите Литванија, Латвија и Естонија. Едноставно, не само што е највитална и најживотворна дејност на земјоделското производство, реков дека воопшто во целата македонска економија, таа по своите резултати постигнува најпродуктивни, најрентабилни, најекономични резултати и на таков начин подредено и искажано во бројки тука можеме да кажеме дека оваа дејност е на првото место по она што претставува достигање, така гледано со 1990 година, која што мора да биде земена како репер, зашто однекаде мора да се тргне, од некој базен податок.

Овој закон е нужен и тука мора да се искаже поддршка на иницијативата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое што се обидува тој редослед на бројки, тој квантум на податоци, сето она што Македонија го постигна како квантитет, како извозни алутпути изразени во девизни средства влеани во касата на Република Македонија, во трезорот на  Република Македонија, едноставно мора да биде и дополнето со еден ваков закон, кој што квалитативната страна на проблемот, значи она што претставува дефинирање на суштината или формализирање на суштината во вид на законска одредба, која што ќе ни помогне и во делот на законските прописи да се усогласиме со Европската унија, затоа што веќе ние таму сме присутни со нашето вино. Тоа таму оди без никакви проблеми и веќе сега треба во тој дел на онаа позадинска, но исто така многу позначајна атмосвера, значаен амбиент да создадеме можности, претпоставки и насоки како во иднина ќе треба нашите производители да се однесуваат, за да може тој производ да биде надграден, како квантитативно, така квалитативно и на таков начин да донесе уште поголем бериќет за сите оние кои што произведуваат трпезно грозје и вино, но исто така и за сите оние кои што произведуваат и што учествуваат во трговските дистрибутивни канали ширум Европската унија.

Јас, според моето скромно мислење ќе се обидам да дадам свој придонес во оној дел, во таа пауза додека се изготви вториот дел на проектот, додека дојде како Предлог закон во Парламентот, поткрепено врз лично искуство и она што мислам дека од оние долготрајни преговори со Европската унија останало нешто како меморија, што мислам дека на овој закон предлагачот треба да размислува во одредени негови делови како тој да биде покомпатибилен со прописите на Европската унија.

Најнапред, во делот, јас уште еднаш ќе се навратам, дискутирав за тутунското производство во делот на улогата на државата или улогата на административниот апарат на државата преточен преку функцијата на извршната власт, Министерството на Република Македонија, поточно во овој закон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. За тутунското производство Министерството изнесе еден став дека државата треба да биде изземена од начинот на организација, од начинот на она што се вика производство и ферментираниот тутун и дека државата треба да биде на еден начин еден надзорен елемент, кој како стратешки насоки во димензија на креирање на аграрна политика, во димензија на тоа што претставува и треба да претставува еден министер, едно министерство, во таа функција треба да има слобода на креација, една невидлива рака која ќе го води земјоделството и која

што впрочем сите министри во Република Македонија тоа треба да го прават, а тоа го прават сите министри во Европската унија, да биде изземен од тој процес, би рекол, на “манипулација”, каде што јавното мнение, печатените електронски медиуми секогаш за министрите ги ставаат и дискутираат на начин кој што во најмала рака е прифатлив и доведува до тоа да се создава некое мнение дека во Република Македонија нема кадарни луѓе да учествуваат и да бидат носители на таа функција и да водат одредени политики во делот на тоа што претставува тоа Министерство. И, до тука е во ред. Ако така сме имале став како политика на Владата на Република Македонија, оваа актуелна Влада, мислам дека тука во овој закон повторно се навраќаме на еден процес, каде што министерот треба да биде еден администратор, кој што треба да потпишува решенија, укази, дозволи, одобренија и на таков начин се стеснува неговата функција, се овозможуваат разни дебати за чесноста, нечесноста, принципиелноста, непринципиелноста, учеството на разни лоби групи, како во сверата на стопанисувањето, така и во сверата на индивидуалните сојузи, федерации, она што значи во сверата на трговското влијание врз тоа. На таков начин министерот се доведува во многу незавидна ситуација да биде ставан на тапет за теми за кои што тој едноставно во таа, би рекол, огромна документација која се става на потпис, едноставно тој и да не може да види она што службите му го изготвиле.

Во сите членови, во сите глави, Главата надзор, каде што очигледно министерот мора да биде невидлива сила која што го контролира производството, ќе ја контролира преработката и ќе овозможи на соодветен начин да се надгради квалитетот на македонското грозје и на македонското вино во сите домени цена дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да се ослободи од тие потпишувања на одобренија, уверенија, разни дозволи затоа што тоа е и непродуктивно и штетно најнапред за министерската функција, го спречува работењето во оној дел што се вика развојна компонента,она што се вика стратегиско управување со Министерството. Таа невидлива рака треба да овозможи во одреден временски период поттик, треба да овозможи развој на македонскиот агрокомплекс во целина и тоа треба, според мое лично мислење да биде префрлено на институциите, како што тоа го прави ЕУ, која што нас ни ги наметна тие институции под еден многу стручен термин-невладини организации, а сите тие невладини организации, или сите тие термини агенција, дирекција се термини со аглосаксаксонско јазино подрачје и тие нас ни даваат формална насока како ние треба да се организираме во делот на давање дозволи, уверенија, решенија и сл.

кои што во овој момент ја обременуваат Македонската Влада, го обременуваат македонскиот министер и сите министри во целина, посебно министерот за земјоделие и спечуваат една стратегиска компонента, една компонента која што треба министерствата општо да ја исполнуваат во Република Македонија.
Во таа насока ценам дека треба да бидат исфрлени сите одредби каде што министерот потпишува некакви решенија. Тоа треба согласно преговорите кои што Република Македонија ги водеше со ЕУ и потпишаната Спогодба за стабилизација и асоцијација која што не обврзува за одредени наши постапки најупатно би било во тој дел да се користат искуствата на нашиот амбасадор во ЕУ, г-динот Стевков кој што е директно запознат со тоа како треба во таа насока да бидат пренесени ингеренциите на одредени комисии, како што се европските комисии, дали ќе биде советодавен одбор, или некое тело како што во нашиот македонски ги нарекуваме, меѓутоа во секој случај треба да биде нешто што ќе биде иземено од Министерството и ќе биде во функција на дискусии, на дебати, на семинари, на работни состаноци каде што производителите на трпезно и винско грозје, производителите на вино преку нивните асоцијации, здруженија и административниот апарат на држата ќе дебатира, ќе дискутира и таму ќе се кршат копјата, а министерот ќе биде само функција на пресечување и давање насока како треба тоа да биде организирано.
Така организирана таа функција во делот на државната ингеренција мислам дека во многу ќе ја зајакне улогата на Министерството, во многу ќе елиминира многу лоби групи во Република Македонија.
Дали сега треба да се даде дозвола ќе дадам еден паушален пример за дозвола за еден вид на грозје кое се прави од мешан тип на винско грозје, дали притоа ќе се спротивстави катедрата на Земјодлескиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методи во Скопје, дали притоа ќе се случат дебати во Стопанската комора на производителите на вино, капиталот во Република Македонија се окрупнува, најголемите подруми ги купија крупни капитали кои што го наоѓаат патот на оплодувањето на капиталот на свој начин и во некоја инстанца ќе дојдат во судир со административниот апарат на државата, министерствата и на таков начин министерот ќе има проблеми, ќе има главоболки докажувајќи зошто не го потпишал, или пак чека на потпишување некое решение. Во таа насока мислам дека во надзорната функција министерот треба да биде со сите функции задржани и неговата да биде последна во случај на спор,во случај на разрешување на некој проблем, во случај на контрола како работат тие институции, а кај амбасадорот

Стевков кај ЕУ и кај амбасадорката Даневска во Холандија стои цела документација за преговори со холандската полудржавна, полуприватна институција просервет кој што треба тоа да го организира на начин кој што ќе значи пропузија на македонското законодавство, помош  на Министрството, помош на македонската економија и на таков начин подобра организација и поголем профит од оваа дејност во Република Македонија, лозарството и винарстовот.
На таков начин организирана дејност, ако се успее оваа моја размисла да биде имплементирана во некои од овие одредби ценам дека ќе можеме да имаме поголем бенефит, поголемо разбирање и поголема слога меѓу македонците што често се случува и во македонскиот Парламент.
Во вториот дел на мојата дискусија јас би дал само некои технички, чисто формални елементи за одредени членови, но мислам дека и тука имаме еден погрешен став, затоа што сите прописи на ЕУ се базираат на формална димензија. Ние во многу домени токму во оваа дејснот посуштествено сме ги решиле проблемите одколку во ЕУ, како што е во Португалија, Шпанија или Италија решено тоа, меѓутоа во тие едноставни реченици или кованици од зборови ние си применуваме некоја наша терминологија, или терминологија која што коренот на зборот го третира поинаку и затоа трпиме последици и само заради еден збор кој што се разликува од нивниот збор, кој  што во основа е потекло или од францускиот или од англискиот јазик имаме недоразбирање и тука неможеме да се разбереме и потоа ќе трпи целата индустрија, ќе трпат сите производители и ќе трпи во целина државата со помалку реализација од она што било предвидено.
Значи, во основа тука се работи за неколку забелешки, пред се околу номенклатурата на дејност, класификација како треба да биде земјоделското производство по лозарски единици. Најнапред како реон, потоа како виногорје, па како одделена област и на крај наместо “специфични реони” треба да стои “месност”. Тоа треба како месност да биде ставено секаде каде што постои во четвртата класификација каде постои зборот “специфичен реон”, да биде употребено “месност”. Значи градацијата мора да биде јасно изразена од каде потекнува тоа вино. Тоа потекнува од реонот на Тиквеш, тоа потекнува од виногорјето на Ресава, тоа потекнува од локалитетот Шамаците и тоа потекнува од месноста близу до Тиквешкото езеро. Значи тоа се многу јасно, прецизно изразени класификации, а зборот “специфичен реон” го нема во Европската легислатива. Ова што јас го кажувам го имам искористено од разговорите со г-дин Бутарис кој што

извезува многу во ЕУ и кој што на ваков начин ги има класифицирано тие прописи во Грција.

По членот 18 треба да се додаде нов член. Во Република Македонија имаме добра продукција на десертно грозје а немаме предвидено и мислам дека би било упатно да се разгледа можноста по членот 18 да стои дека производство на десертно грозје, или производство на вино од десертно грозје. Тоа би било корисно затоа што ЕУ консумира многу вина од десертно грозје.

Во членот 19, каде што стои "пенливо вино" треба да се брише "првата алкохолна ферментација", затоа што пенливото вино се добива само од втората алкохолна ферментација.

Исто така секаде каде што стои "пенливо вино" треба да се исфрли "првата алкохолна ферментација" и да остане само "втората алкохолна ферментација".

Во членот 23 каде што се предвидува производство на вински оцет европските легислативи кажуваат дека за винскиот оцет треба да биде процентот од 40 до 50 гр. а не кај нас како што е предивдено процент од 60 гр.

Во делот на она што претставува најглавно поглавие римско два, тоа е производство и промет со вино и други производи од грозје и вино уште еднаш ќе повторам наместо "специфичен реон", секаде треба да стои "месност", а во делот на она што претставува"област", која што не е изворен збор кој што се употребува во европската терминологија треба да стои "лозарска единица" и како лозарска единица ќе можеме сите површини во Република Македонија, да ги поделиме по лозарски едници, понатаму да ги поделиме по реони, по виногорја, по локалитети и по месности. На таков начин ќе се усогласиме со прописите на ЕУ.

Воглавон тоа се забелешките што јас ги имав во ова прво гледање на овој предлог за донесување на закон за вино. Се надевам дека овие забелешки кои што произлегуваат од некои сознанија кои се црпени од преговорите со ЕУ ќе помогнат на предлагачот на законот, овој закон кој што е неопходен, нужен во брза постапка да биде пред македонскиот Парламент да го усвоиме и на таков начин да овозможиме производителите на вино уште побериќетно да произведуваат, да извезуваат и да носат девизи за Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ѓорчев.

Има збор г-динот Слободан Даневски, а нека се подготви г-динот Ефтим Манев.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дин претседателе дами и г-да пратеници, г-дин министер,

Денеска е прво читање на законот за вино. Сигурно дека ќе бидат добри забелешките и министерот ќе ги уважи, ќе ги стави во својата втора фаза.Основно што станува збор и генерално зошто е потребно носење на овој закон сигурно како прво е тоа што овој закон постоеше некаде 70-тите години, знаејќи дека Македонија од 1991 година помина во повеќепартиски систем, знаеме дека е пазарна економија и знаеме дека условите кои се наметнуваат со отворањето на пазари при што тежнее Република Македонија во ЕУ мораше да се смени легислативата и да се преуреди да биде компатабилна со европското законодавство.

Тука сигурно сакајќи да ги подобри услови за промет со вино во согласност со принципите на квалитетот, меѓусебна полза и реципроцитет, како и интересот за взаемна заштита и контрола на имињата на вината ЕЗ и нејзините земји членки од една страна и Република Македонија од друга страна во членот 27 став 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација утврдија дека трговските аранжмани за виното и алкохолните пијалоци ќе бидат дефиниани одделно, па така се донесе дополнителниот протокол за адаптација на трговскиот аспект за Спогодба за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија од една страна и ЕЗ и нејзините членки од друга страна.

Со резултатот од преговорите помеѓу договорените страни за воспоставување и взаемни повластици за нови вина, взаемно признавање и заштита и контрола на имињата на вината заедно со ароматизираните пијалоци, со Анексот 1, Анекс 2 и Анекс 3 Република Македонија според овој протокол се обврза за усогласување на својата легислатива со легислативата на ЕЗ.

Сигурно дека со овој закон се уредува и производството и прометот на грозје и вино и другите производи од грозје и вино, националниот регистер на лозовите насади, правата и обврските на правните и физичките лица кои произведуваат и тргуваат со вино, описот, ознаката, обележувањето, презентацијата и заштита на виното.

Целите на овој закон се заштита на интересите на производителите и потрошувачите, добро функционирање на внатрешен и надворешен Пазар, унапредување на квалитетот на производите на грозје и вино, прилагодување на ресурсите според потребите на пазарот и употребата на енолошки средства и постапки.

Во Македонија се занимаваат со промет на грозје и вино правни и физички лица. Имаме три моменти каде што имаме правни и физички лица кои се занимаваат

само со делот на производство, имаат само лозови насади, а немаат винарска визба, друга категорија која има винарска визба, а нема лозови насади и третата категорија се кои имаат винарска визба и лозови насади. Зошто ова го потенцирам?

Во контекст на новите ветришта што доаѓаат од Европа, затоа што сите оние кои тргуваат, кои продаваат и кои извесуваат вино ќе треба за потеклото не само на регионот, географското потекло, туку многу тешко ќе оди трговците, оние голи трговци кои се занимаваат само со откуп и препродажба на виното.

Сигурно дека во делот на членовите кои го третираат законот, посебно членот 15, кој треба да се преуреди, сигурно да има место за Институтот за лозарство и винарство во Република Македонија, кој е при Земјоделскиот факултет и многу професионално и стручно ја врши оваа работа. Сигурно дека мора да се користат искуствата,затоа што тоа е стручна, оспособена организација со доктори на науки, признати стручњаци, еминентни кои со многу години искуство и работа придонесуваат за имиџот и бендот на Македонското вино ширум европските пазари.

Посебно треба во делот на она што значи производство да се нагласи улогата на министерот односно Министерството и Владата на Република Македонија. Зошто го спомнувам ова?

Знаеме со какви капацитети се лозовите насади, знаеме дека годината од самото садење и самото работење, производство е некаде на старосна пензија, некаде се постари во просек од 25 години што значи доаѓа до ново обновување, искутучување , законот ја третираа оваа материја, мора да има некој стимул за оние кои сакаат да вршат ново производство, да се стимулираат лозарите со некои бенифиции.

Сигурно дека не е дадено производството на грозјето како стратешки производ во Република Македонија, но знаејќи кои категории на граѓани во колкав број домајќинства, правни и физички лица се занимаваат и кои се приходите во Република Македонија во девизниот прилив се работи за повеќе од 40 милиони американски долари, сигурно дека заслужува внимание и самото Министерство треба да се обиде да направи една програма, да ги стимулира за да се направат нови лозови насади. Сигурно лстои неоправдано, во разговор со италијанската амбасада дека во Министерството за финансии стојат 10 милиони евра кои се наменети за оваа програма, но неоправдани причини зошто тие 10 милиони евра не се дадат во вид на кредити, за што треба да даде виза Министерството за финансии во согласност со Министерството за земјоделие да се дадат тие кредити наменски за производители на лозов насад.

Она што стои сега и има тежина, тоа е новината Македонија да добие бренд, да добие марка, да биде позната. Ние правиме голема грешка затоа што испаѓаме во Европа, па и ширум светот во рефус. Ние од Македонија она што е најквалитетното го продаваме за многу евтини пари, а улогата и тенденцијата на ЕЗ е во Македонија целото вино да се флашира. Тука настануваат некои проблеми во делот на флашираењето. Имаме еден специфичен случај, да имаме помош од Кралството на Холандската Влада да имаме една флашара која беше наменета за источниот дел на Македонија и стои недифинирано, се чекаше дали треба и таа да добие некои партиски димензии или политички димензии за да биде дадена таму каде што не и е местото. Имено, познавајќи го моментот во регионот на Кавадарци имаме многу мали производители, се работи за производители од 500 илјади до еден милион литри вино кои се добри и ќе се носат на европските пазари и светските пазари, сега се остава еден голем регион, во источниот дел на Македонија, тоа е Овчеполскиот регион и Радовишкиот регион, Струмичкиот регион да нема една флашара. Имено, идејата на помошта од Кралството Холандија е таа флашара да биде дадена таму каде што нема флашари за да може да ги стимулира малите производители и два комбината кои живеат и егзистираат таму за да можат да се носат конкурентно на Европскиот Пазар. Имено што се случува? Ако таа флашара биде доделена во Кавадарци, или каде што имаме 30 флашари кои егзистираат, кои имаат реноме се случува оние кои произведуваат и кои работат, два комбинати таму кои што нвработуваат по 350 луѓе, се доведува во прашање дали треба тие 350 луѓе да егзистираат, или треба да се намалат луѓето. Сигурно дека тука Владата т.е.Министерството за земјоделие треба да води некоја стратегија, затоа што и самите луѓе кои се донатери на помошта од Кралството Холандија ќе се прашаат, па добро ова е дадено за унапредување или треба да оди по партиски клуч, или да се испегла со некои партиски неодразбирања.

Она што треба посебно да се внимава , сигурно и самиот закон треба да го третира на посебен начин е еколошкото вино. Сега некој ќе каже што е тоа еколошко вино, но нов модерен тренд во светот и Европа е еколошко вино каде што со биолошка заштита, без употреба на пестициди, во она време кога некогаш ќе одевме на некој коктел или во кафана и кога ќе видевме вино со талог ќе речевме ова е старо, ова не е за употреба се фрла. Сега се менува трендот во Европа и светот.

Сега се оди на еколошки вина, ако има талог се потврдува дека тоа вино е природно и дека не се употребени пестициди, значи тоа е здраво вино. Сигурно дека без пестициди се намалува производството, но се добива на квалитет, се добива

еколошко вино. Тоа е општ тренд во Франција, па затоа добива на цена и така се компензираат работите.

Во Македонија треба да се работи и самиот закон треба да третира врвни вина. Знаеме дека има врвни квалитетни и трпезни вина. Ние имаме малку врвни вина. Посебно треба при дозволите при лозовите насади да се користи искуството од Институтот - тука треба да биде вклучено и Министерството, да дава вистински насоки за нови клонови, нови лозови насади кои се адаптирани во делот на регионите. Ова го зборувам затоа што и акцијата која ја отпочна Министерството со давање на дел од земјиште на нови концисионери на 5 годни, оние лица кои беа од социјална категорија да ги стимулира.  Ако се прави некоја анализа во еден дел од регионите или подрачјата, во Овчеполието не можете да очекувате принос, или незнам каде, од 3-4 илјади килограми пченица. Посигурно и посоодветно би било да се стимулираат граѓаните на кои им се дава земјиште, да се стимулираат да направат лозови насади, затоа што е добро што влегува приватен капитал во винарството, посебно во големите винарски визби, влегоа со странски инвестиции, со мешовит капитал, што дава една гаранција. За прв пат оваа година имаме позитивен тренд то во голема мера приватните визби го откупија целиот род на ова производство, со што овозможуваат една сигурност кај индивидуалните производители и еден стимул повеќе и следанта година да вложуваат и да произведуваат. Сега е општ тренд, постојат и нови најави, се најавуваат и нови инвеститори, кои почнувајки од Италија, Хрватска, Словенија, па и Србија кои сакаат да инвестираат во проширување  на лозов насад. Незнам дали треба да се гледа виното односно грозјето како стратешки производ, но ако ова е прво читање на овој закон, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, посебно министерот треба да се ангажира повеќе, да даде повеќе стимул, затоа што постојат разно разни форми за унапредување, да се стимулираат производителите.

Стана збор од колегите дискутанти да зборуваме за вистината, а една е вистината, да не се употребува терминот црно вино. Црно вино не постои, постои само црвено вино.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Даневски.

Како последен пријавен во оваа расправа е г-динот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Предложениот закон за вино сметам дека дава доволна основа за дискусија и дискусиите од сите коелги се корисни бидејќи овој закон е во прва фаза и се дава можност во наредната фаза овој закон да биде далеку по квалитетен.

Уште на почетокот би сакал да дадам едно мое размислување, за кое што предлагачот ќе треба да размисли дали тоа е вред или не, бидејќи стои Предлог на закон за вина, а во голем дел се зборува и за лозовите насади, лозите, кои сорти на винова лоза се регулираат со него. Затоа, би дал едно размислување дека законот треба да носи наслов Закон за винов алоза и вино, што би одговарало во целина на самиот текст на законот, бидејќи се регулираат две материи и тие како такви фактички постојат.

Не би го повторувал тоа што го кажаа колегите во врска со во овој закон, но би сакал да кажам дека има застапеност на Министерството во голем дел во одредени членови на законот, во кои се зема право дека министерот ќе направи тоа и тоа. Сметам дека тоа е непотребно во законот. Спроведувањето на законот е во надлежност на Министерството и тоа треба да го контролира, но каква е поврзаноста меѓу производителите на вино и производители на грозје од винова лоза, ми се чини дека е потребно министерот да помисли на една друга асоцијација, која асоцијација ќе биде за планот на производството како на грозје така и на вино и ќе има една потесна врска, каде што би требало да има дури и облигаторен однос, бидејќи познато е дека во Република Македонија наназад повеќе години имало доста вински кризи или кризи во откуп на грозјето. Имало засадување на сорти на винови лози, а 20 години наназад беше застапено и се протежираше да се засадува белото грозје, но набрзо, кога тоа дојде на род се случи да не може каде да се откупи.

Затоа, сметам дека не може Министерството да ја води таквата политика каква сорта на лозови насади ќе се засадува и кои не треба да се засадат, туку таквата политика треба да ја водат самите винари и лозари, кои имаат подеднакво заеднички интерес и кои производи од винова лоза како вина треба да се пласираат на пазари и надвор од Република Македонија , бидејќи виното што се произведува во ниту еден случај не може да се потроши во Република Македонија.

Во законот предлагачот укажува дека се донесува закон кој се усогласува со Европските закони. Јас мислам дека предлагачот има такви интенции и таква е содржината. Но доколку Република Македонија сака да оди со развој на земјоделството, во винарството и лозарството, гранка што е доста позната и успешна во Република Македонија, а исто така и климатските услови во Република

Македонија даваат шанса за производство на винова сорта на грозје и вино, кое може да биде познато и купено на сите пазари во светот. Мислам дека Република Македонија сепак треба да размислува и Владата да предлага одреден интерес на државата, во одредени состојби сепак да го штити таквото производство од настанување на било какви кризи во истото, затоа што виновата лоза и лозарството се култури кои трајат подолго време. Не може сега ако предизвикаме таква потреба од производство на сорти на грозје за вино и се насадат такви плантажи, а после 5 години кога ќе дојде тоа на род да кажеме дека Република Македонија нема интерес од таквите сорти на грозје. Заради тоа е неопходно во Законот да стои еден облигаторен, врзан однос меѓу производителите на вино и производителите на грозје.

Во однос на другите работи доста се кажа од колегите пратеници што се корисни дискусии, кои сметам дека Министерството ќе ги има предвид и ќе предложи еден поопстоен и поквалитетен закон во втората фаза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок.

Пред да преминеме на гласање, ги молам сите пратеници кои се надвор од оваа сала на Собранието да влезат , бидејки ќе пристапиме кон гласање, а во меѓувреме службите нека проверат колку пратеници се присутни во салата.

(По утврдувањето на бројот на присутните во салата)

Значи, на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесвуање на закон за вино.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и во расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 64 пратеници, за заклучокот гласале 63, 1 воздржано и нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Преминуваме на 12-та точка од дневниот ред -** Предлог за донесување на закон за основање на агенција за енергетика на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот и дописите на Комисијата за економски прашања, Законодавно-правната комисија, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Има збор госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитувани,

Претседателот на Владата на Република Македонија неодамна од истата оваа говорница најави прилив од 200 милиони евра инвестиции во текто на 2004 година. 180 милиони од овие 200 милиони евра се однесуваат на инвестиции во енергетиката.

Агенцијата чие што основање е предмет на овој закон, предвидува поддршка на подготовка токму на вакви инвестициони проекти. Покрај тоа, оваа агенција предвидува поддршка на реформите во енергетиката, да потсетам, многу важен чекор на приближувањето на нашата држава кон Европа, преку таканаречениот внатрешен пазар на енергија на Европа .

Јас нема да навлегувам во расправа по овој закон и од надлежностите што се предвидени во рамките на оваа агенција сакам уште да ја нагласам поддршката на енергетската ефикасност. Тоа е еден инструмент за компензација на негативностите кои што се очекуваат како резултат на комерцијализацијата на енергетските компании. Имено, по угледот на многу земји, речиси на сите земји од Југоисточна Европа, оваа агенција би требало да прифаќа грантови и други средства наменети за енергетска ефикасност. За жал, вакви средства ја заобиколуваат денес единствено Македонија заради непостоење на институцијонална и законска поддршка.

Јас како предлагач на законот ќе ја испочитувам оценката на Владата дека во моментот не постојат услови за основање на ваква агенција.

Предлогот го повлекувам, меѓутоа, ќе останам да инсистирам на потребата и на итноста од јакнење на институционалниот капацитет во областа на енергетиката.

Имено, Владата мора да разбере дека Електростопанство на Македонија, последното државно претпријатие, големо претпријатие од оваа област, се преструктуира, се комерцијализира и нема веќе легитимитет да ја крои енергетската политика во Република Македонија. Во тој правец, по угледот на сите Западно европски земји или пвоеќето земји во нашиот регион, каде што функционираат слични институционални форми на предложената, треба да размислува за јакнење на капацитетот во оваа област.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки предлогот е повлечен од предлагачот, ја затвораме и оваа точка.

( Пратеник од место вели: “Дали може процедурано да земам збор”).

Незнаеме за што е процедуралното.

(“Во врска со претходната точка”).

Претходната точка е затворена, предлогот е повлечен.

**Преминуваме на 13-та точка од дневниот ред** - Предлог за определвуање на бројот на замениците на Народниот правобранител.

Предлогот на Народниот правобранител Ви е доставен.

Отворам претрес.

Има збор г-динот правобранител Бранко Наумовски.

БРАНКО НАУМОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Предлогот за определување на бројот на замениците на Народниот правобранител што е пред вас е обврска на Народниот правобранител, на Собранието да му достави предлог со кој ќе го определи бројот на замениците.

При определувањето на бројот на замениците на десетте заменици што ги предлага, пред се, се раководев од новата организациска поставеност на Народниот правобранител согласно новиот Закон за народен правобранител, со кој се предвидени 6 нови канцеларии како подрачни канцеларии на Народниот правобранител, во Тетово, Кичево, Куманово, Струмица, Штип и Битола.

Второ што беше пресудно при определувањето на бројот на замениците беше новата проширена надлежност на Народниот правобранител.

Имнео, покрај вообичаената надлежност да води грижа, односно да ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа, една нов анадлежност е да води грижа за начелото на недискриминација и еднаква и правична застапеност на заедниците во органите на државната власт. И како трето, за ваша информација, навистина зголемениот обем

на работа на Народниот правобранител изголеменито прилив на претставки. За ваша информација, бројот до овој момент во однос на минатата и претходните години е скоро дуплиран. Сите овие компоненти мислам дека беа пресудни при определувањето на оваа бројка, Народниот правобранител да има 10 заменици.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Јас се јавив за претходната точка, но бидејќи се откажа таа точка, се повлекувам. Бевме само непотребно изложени на малтретирање во врска со неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас се надевам дека правата и слободите на граѓаните на Република Македонија уставно загарантирани ќе бидат почесто предмет на дискусија во овој Парламент, а не само по повод на носење на вакви одлуки кои што се однесуваат на бројот на заменици на Народниот правобранител. И како што истакна и самиот Народен правобранител, факт е дека во Република Македонија имаме многу случаи на загрозување на правата на граѓаните. И од тие причини сметам дека треба да се размисли за многу поголема застапеност на Народното правобранителство во рамките на сите населени места, или градови во Република Македонија со соодветен број на лица кои што ќе можат да дадат придонес за заштита или грижа за правата на граѓаните. Во оваа смисла сметам дека и ние како парламент треба да размислиме во овој правец и многу повеќе да се занимаваме со правата на граѓаните на Република Македонија, со нивното остварување, со начинот на нивно остварување, а исто така тоа претпоставува и односи кои што се регулираат, или кои треба да се регулираат во правец на градење и остварување на тие права. Од друга страна сметам дека во остварувањето на правата на граѓаните не треба да се вклучува само Народниот правобранител, туку тоа треба да биде работа на сите државни институции, особено на правосудниот систем, на судството каде што како што знаеме сите ние имаме една ситуација во која што човек за да може да заштити едно елементарно право кое што претставува да речеме право на сопственост принуден е да плаќа огромни суми на име на судски такси, на пример за да може да поведе судска постапка за заштита на тоа право, а од друга страна социјалната

состојба на граѓаните сиромаштијата која што е владеачка во Република Македонија позната ни е на сите нас. Од овие причини давам поддршка на именувањето на овој број на заменици на Народниот правобранител и апелирам и до Народниот правобранител, а и до сите надлежни фактори во Република Македонија многу повеќе внимание да посветат на овие прашања, затоа што факт е дека Народниот правобранител може да дејствува само на начин со кој што ќе укажува на институциите на системот. А факт е дека истите тие институции на системот се тие што вршат повреда на тие права. Значи, мора да апелира до оној кој што ги повредува правата да ги исправи своите грешки. Значи мора да постои начин особено преку судскиот систем за директна заштита на правата и слободите на граѓаните од сите сфери. Да не навлегувам во правото од работен однос, правото на социјална заштита, правата на сопственост и тн. Значи, давам поддршка на донесувањето на оваа одлука, со тоа што оваа тема треба многу почесто да биде третирана и еве, како парламент да се ставиме на располагање на сите иницијативи кои што ќе доаѓаат од Народниот правобранител и од она што ќе произлезе од неговата работа како потреба за подобрување на состојбата во оваа област во нашата држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен пријавен дискутант е господинот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван Народен правобранител,

Многу кратко би сакал да се повикам на вашето образложение кое е дадено дека со овој закон Народниот правобранител се однесува за заштита на уставните и законските права на граѓаните. И веднаш потоа се повикувате дека доста будно ќе го следите и законот за правичната застапеност на заедниците во Република Македонија. Токму од тие ваши начелни основи, мислам дека доста објективно ќе биде веќе во првата фаза на овие 10 заменици, јас навистина верувам дека еден од вашите заменици ќе биде и претставник на ромската заедница. Така што, доколку вам тоа во оваа прилика ви одговара да ми одговорите, тогаш би било доста добро и ромската заедница да се надева дека во тој состав ќе има и еден претставник од ромската заедница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве молам, повторно сите пратеници ги молам кои што се надвор од салата да влезат внатре.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Предлагам гласањето да го реализираме кога ќе има доволен број на присутни пратеници во салата, а да поминеме на расправа по следната точка од дневниот ред.

Процедурално бара господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, мислам дека неодговорно е вака да се нема кворум. Ние како опозиција тежиме да го одржиме кворумот тука. Сметам дека кворумот треба позицијата да го направи. Ако е така, ние бараме пауза, нека се собере позицијата, па потоа да поминеме. Неможеме ние сега да одиме од точка на точка. Нашите дискутанти се подготвуваат за следната точка. Затоа бараме пауза, нека се подготви позицијата, нека дојдат и нека се направи кворум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Оваа процедурална забелешка ја прифаќам.

Бидејќи потребниот број е обезбеден, продолжуваме со работа.

Процедурално бара господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувани пратеници,

Пред малку координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ побара процедурална интервенција со цел да ни укаже дека позицијата во ова Собрание е таа која е единствено должна да го одржува кворумот. И веднаш по таа неговата процедурална забелешка, истиот со своите колеги ја напушти салата. Го поставувам прашањето, дали само опозицијата, или позицијата, или сите пратеници подеднакво се должи да се грижат и да го одржуваат кворумот, бидејќи сите имаат во ова Собрание еднаков статус и се на еднаков начин избрани и одговорни пред јавноста и граѓаните. Затоа, ги повикувам пратениците од опозицијата да не ја опструираат седницата и да не уценуваат и секогаш со вакви методи да не ја блокираат работата на Собранието. А позицијата секогаш го одржува кворумот.

(Пратениците од опозицијата ја напуштија седницата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, пред да дадам пауза, мислам дека ова не беше процедурално, а и не беше правичен став и однос. Овде е позицијата која што треба

да го одржува кворумот. Опозицијата може да ги користи сите политички средства што им се достапни. И јас затоа секогаш најавувам кој е последен. Жалосно е и навистина сум несреќен што 10 души од позицијата не беа тука присутни, иако знаеја кој е поседен дискутант.

Објавувам пауза од 15 минути.

(По паузата)

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Господинот Коце Трајановски бара процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пред се, сакам да кажам дека влеговме поради вашето разбирање кое што го имате кон опозицијата и кон доследното почитување на Деловникот. Инаку, очигледно некој сака да стане координатор на СДСМ, ние немаме ништо против тоа, меѓутоа не преку критиката кон нас. Инаку јас лично не ги повикав пратениците од опозицијата да излезат, туку излегов заради свои лични потреби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот Народниот праборанител да има 10 заменици.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници.

64 пратеници гласале за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

***Минуваме на точката 14 - Годишен извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година.***

Годишниот извештај и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Има збор претседателот на Државниот завод за ревизија господинот Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа,

Жалам што не можам да ги поздравам и претставниците на Владата. Денес пред вас е Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија во 2002 година.

Основните цели на извршените ревизии произлегуваат од целите утврдени со законот за државна ревизија, а тоа е државната ревизија да утврди дали се почитувани сметководните принципи, политики и стандарди, колкав е ефектот врз финансискиот резултат поради непочитување на законските прописи, дали се законски и наменски користени утврдените и програмирани средства. Субјектите предмет на државна ревизија во 2002 година се определени со годишна програма која врз основа на законот ја носи главниот државен ревизор. Изборот на субјектите е извршен врз основа на критериуми кои опфаќаат низа аспекти утврдени со актите. Со примена на овие критериуми и во 2002 година е обезбеден избор на субјекти за еден континуиран циклус на државна ревизија. Се разбира, евентуалните ризични субјекти не можат да се исклучат и тие се земаат во предвид во текот на годината со измена на програмата. Во 2002 година Државниот завод за ревизија изврши 99 државни ревизии кај 85 субјекти и подготви и поднесе 95 конечни ревизорски извештаи. Бавноста во динамиката на кадровското пополнување и времето потребно за обука на ревизорите во значителна мера го успорија подобрувањето на опфатот на институциите кои подлежат на резвизија. Имено, и во 2002 година опфатот на институциите со ревизија е релативно мал и изнесува 5,46% од можниот број институции. Забележан е незначителен пораст од 0,5 поени во однос на 2001 година иако според износот на средствата кои тие субјекти ги трансферираат и трошат опфатот изнесува околу 40% мерено според обемот на средствата за јавна потрошувачка. Во државните ревизии од аспект на почитувањето на законите и на основните сметководствени принципи и политики ревизијата утврди низа отстапувања за нивната примена, неправилности и грешки специфицирани и дадени во извештајот. Многу јавни набавки се извршени без претходно планирани и обезбедени средства во Буџетот, без план за јавни набавки. Кај грото јавни набавки не се почитувани пропишаните процедури и постапки за јавни набавки, не е комплетирана оригинална документација. Материјалните и финансиските биланси според наодите на ревизијата се нецелосни и неадекватни главно поради непостоење на основна евиденција за материјалните и нематеријалните средства кај поголем број субјекти. При реорганизациите кои се преземаат кај државната администрација разграничувањето на средствата се прави само како физичко именување на средствата без да се утврди нивната вредносна компонента што во ревизиите потоа не може да се следи. Поради тоа постои потреба Владата да формира проект и да утврди методологија врз основа на која ќе обезбеди

формирање на почетна состојба на материјалните и финансиските биланси за имотот, односно капиталот на државата, како и за нејзиниот јавен долг.

Извлекувањето на збирна оценка на наодот на ревизијата би била нецелосна бидејќи степенот на опфатот мерен според бројот на субјектите остварен до сега е релативно мал, иако според износот на средствата кои тие субјекти ги трансферираат  и трошат како што споменав изнесува околу 40%. Направената анализа на елементите кои делуваат на формирањето  на глобалната оценка на наодот на државната ревизија за 2002 година ја дава следната слика. Само во осум извештаи, или 8,42% од извештаите е изразено мислење на ревизорот дека реално и објективно се искажани финансиските извештаи. Во 25 ревизорски извештаи, или приближно 27% од извештаите овластени од државен ревизор има изразено мислење со резерва, или воздржување од давање на мислење за законитоста на финансиските извештаи. Во 62 извештаи, или во повеќе од 65% од извештаите овластениот државен ревизор изразува негативно мислење, односно мислење за нереално и необјективно искажани финансиски извештаи. Во 52 извештаи, или околу 55% од извештаите овластениот државен ревизор изразил мислење за незаконито и ненаменско трошење на средствата. Показателите од извршените ревизии на годишните сметки уште еднаш ја потврдуваат потребата од државна ревизија и очигледно го изоструваат интересот кон позасилен и поинтензивен развој на кадровското екипирање во Државниот завод за ревизија.

Реализацијата на повратните ревизии кај субјектите кај кои се констатирани отстапувања, незаконитост, грешки и слично обезбедува предуслови тие да се надминуваат и отстрануваат. Ова не значи дека нема субјекти кај кои наодите се повторуваат што е резултат на пасивниот и неодговорен однос на надлежните органи и раководства, како и на честата промена на кадрите кои ја обавуваат оваа специфична работа која бара и посебна стручна подготвеност. Чувствувам потреба од дополнително образложение на значењето на наодите за незаконито и ненаменско користење на средствата утврдени со наодите во ревизорските извештаи. Износите на незаконски и ненаменски употребени средства утврдени со ревизорските извештаи вклучени во Годишниот извештај за 2002 година значат дека корисниците на буџетите, единките корисници, единиците на локалната самоуправа, фондовите, некаде и јавните претпријатија одобрените средства во Буџетот, или со финансискиот план на институциите не ги користеле наменски согласно законските прописи. Ова не значи дека автоматски во сите случаи истовремено е сторен и криминал. Такви случаи претставуваат неовластена

прераспределба на средства помеѓу трошковните ставки без одлука на надлежен орган, извршена распределба на други трошковни ставки во ставката на плати и наемнини и обратно, ненаправен ребаланс за дополнително одборените средства од вишоци на приходи над дозволеното ниво на потрошувачка во буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Дополнителни средства од тековната резерва на Буџетот на РМ користени позајмици, заеми и слично. Можно е сепак дел од незаконското и ненаменското користење на средствата истовремено да претставува и криминално дело. Работа е на надлежните органи обвинителството, МВР, судовите, во соодветна законска постапка, врз основа и на наодите на државната ревизија, да ги утврдат таквите дејствија кај субјектите кои се нивни извршители и сообразно да извлечат и преземат соодветни мерки на одговорност.

Незаконитоста во ненавременото користење на буџетските средства може да се разреши со почитување на процедурите и утврдување на ребаланс за зголемување и намалување на обемот на приходите и расходите, во пропишана постапка, што по правило не се прави. На ист начин се отстранува незаконитоста во незаконитото трошење во Фондовите, Јавните претпријатија, со утврдување на ребаланс на финансискиот план или соодветната рограма во пропишана постапка, доколку, се разбира, ненаменското трошење не е цел сам за себе односно неовластено трошење, и ако надлежниот орган одлучи така.

Незаконитоста во погрешното евидентирање и одбегнувањето да се евидентираат некои финансискитрансакции, се разрешува со повнимателна и во консултација со Министерството за финансии, примена на прописи и упатства и со реална внатрешна ревизија на тековните финансиски трансакции, пред нивното настанување, преку верификација на исплатните финансиски документи.

Незаконитоста во примена на Законот за јавни набавки, Законот за стоковни резерви, Законот за царините итн., посебните програми кај фондовите и Јанвите претпријатија, не се случуваат од нестручност или незнаеење, макар што некаде и тоа може да биде причина за погрешно токување на цитираните прописи. Тука влегува и неадекватното толкување на прописите од областа на платите и надоместоците, што е доминантен наод кај единиците на локалната самоуправа.

Незаконитостите кои се прават преку плаќање со сесии и асигнации најчесто се прават со намера, бидејќи за најголем дел од нив нема настанат должничко-доверителен однос со субјектите кај кои завршил приливот на средствата, или нема настанат ДДО кај некои од субјектите во синџирот на учесниците на плаќањето.

Законот треба да овозможи продолжена ревизија и кај ваквите субјекти, независно дали се тоа правни лица, во приватна сопственост, за да може да се утврди конкретната незаконитост и злоупотреба. Поради тоа Владата треба да ја преиспита основаноста на плаќањата на обврски по пат на договорите за цесии и асигнации помеѓу субјекти во кои се вклучени буџетите, буџетските корисници и фондовите, бидејќи овој начин на плаќање, и ако е можен според Законот за облигациони односи, не е компактибилен со основното сметководствено на чело што го применуваат овие субјекти, да се води буџетско сметководство утврдено со Законот за сметководство на буџети и фондови.

Незаконитостите кои се јавуваат при неправилно оформените документи, платни списоци сметкопотврди, договори и слично, најчесто се злоупотреби, бидејќи не се работи дека потписниците или субјектите кои ги креираат таквите документи не ги знаат прописите.

Незаконитостите во книговодствените техники претставуваат намерни или ненамерни неправилности, во првиот случај намерно да си прикаже нешто поинаку и да се девзавоира одговорноста во првиот случај, заради нестручност на лицата што ги обавуваат овие задачи. И двата случаи, покрај другото и заради отсуство на внатрешна ревизија и контрола.

Кај сите видови на пројавени незаконитости во случаи кога кај таквите трансакции нема донесено соодветен акт од надлежен орган на раководење или управување, одлуки од управните одбори на субјектите, одлуки од надлежниот орган на управување, Владата или Собранието, советите на општините или други, или решенија на надлежен раководен работник е производ на намера за дизавоирање на потпишаните незаконски решенија и процедури за да се вршат финансиски трансакции, недозволени, да се извршат пред да се донесат соодветни акти од надлежен, со прописите, овластен орган. Целта е јасна, евентуалната одгогорност да се префрли на извршител од понизок ранк на одговорност, а повисокиот орган по потреба да обезбеди незаконски алиби, документи или обратно.

Треба да се усогласат прописите според кои повисок орган на раководење не може да биде амнестирана од одговорноста за злоупотреби и незаконитости што ги прават извршителите од понизок ранг, ако за тоа не постои писмено овластување, за пренесување на надлежностите, базиран на закон, во кое јасно е назначено пренесувањето на правата, но и на одговорностите кои од таквите овластувања произлегуваат. Тоа претпоставува и преиспитување на видовите на казнени мерки, материјални казни и надомест на штета или одземање на вредносните предмети

стекнати со направените незаконитости, одземање на овластување и разрешување од работно место, забрана за вршење на функции за одредено време, губење на имунитет и сл.

Почитувани пратеници, постојат и низа неусогласености и колизија меѓу прописите.

Со Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување на Буџетот на РМ, направени се измени во делот на надлежностите и овластувањата за вршење на прераспределба на средствата на позициите одобрени со Буџетот. Со Законот е кажано дека прераспределбата на утврдените средства помеѓу расходните стапки во рамки на еден корисник, се врши по претходна согласност на Министерството за финансии, на што Министерството за финансии се придржувало. Меѓутоа, со законот за буџетите, како системски закон, таквата надлежност за прераспределба на планираните трошоци во текот на фискалната година е определено да го врши Владата, а притоа нема одредба со која Владата може да го пренесе ова овластување на надлежен орган. Оваа неусогласеност во 2002 година, на база на укажувањето е отстранета, но наодите во ревизорските извештаи за 2001 година беа категоризирани како незаконска постапка.

Постои неусогласеност меѓу Законот за пензиско и здравствено осигурување и Законот за здравствено осигурување. Имено при пресметувањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и надоместокот за време на привремена спреченост од работа, Фондот за здравствено осигурување по Законот за здравствено осигурување, го утврдува од исплатениот износ на надоместокот, наместо да го пресметува и уплатува од основица од која е пресметан надоместокот на платата, при што е должен да обезбеди основицата да не биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, како што е уредено со Законот за ПИО.

Потребно е побрзо да се донесе Законот за надворешни работи согласно програмата на Владата на РМ, со кој би се регулирале надворешните работи, надлежноста, правата и обврските на вработените и работата на дипломатско конзуларните претставништва кои денес имаат многу недефинирани домени и многу наоди кои ја оквалификуваа работата на овие служби надвор од прописите.

Постои потреба да се усогласи законот за стоковни резерви со кој се уредува формирањето обновувањето и користењето на стоковите резерви на државата заради организациски статусни и терминолошки неусогласености.

Врз основа на Законот за водите, Владата има донесено одлука за формирање на водостопанско претпријатие. Според одлуката на Владата јавното водостопанско претпријатие се основа со средства на постојните водостопански претпријатија. Јавното водостопанско претпријатие својата дејност треба да ја врши преку деловни единици, поради што неговиот управен одбор донесе одлука за основање на подружница. Веднаш потоа донесена е нова одлука од Управниот одбор на водостопанското претпријатие за времено одлагање на основање на подружници, без согласност на Владата. Некои водостопански претпријатија каде е вршена ревизија не функционираат согласно овој закон, бидејќи се регистрирани како водостопански претпријатија согласно законот за претпријатија во општествена сопственост. Со тие претпријатија сеуште управуваат работнички совети, раководи раководител назначен од водостопанското претпријатие кој пак не е пишан во судскиот регистар, односно не е извршена промена на овластените лица за застапување во регистрацијата.

Согласно Законот за култура Собранието на РМ уште ја нема донесено националната програма за култура за остварување на националниот интерес во културата, што е основа за планирање на проектите во културата и за основите за нивното финансирање, од каде пак произлегуваат проблеми во трошењето на средствата утврдени со буџетот.

Кај буџетите на локалната самоуправа присутно е неправилно определување на статусот на определени функционери и на раководни работници именувани од градоначалникот, како што се секретар, главен архитект, началници и советници, што има за последица примена на неправилна основица за пресметка и іслата на плати во однос на основицата за плата на вработените во управните и административните органи. Ревизијата е на мислење дека таквиот третман е нстанат поради бришење на одредби од Законот за плати и други надоместоци на пратеници во Собранието на РМ и други избрани и  именувани лица, со кој престанува да се применува овој закон. Оваа материја е пренесена и уредена со Законот за државни службеници чија примена повторно е одложена до 1.01.2004 година. Тоа во практичниот живот создава нерегуларности што државната ревизија не може да не ги констатира а се јавуваат скоро кај сите единици кај локалната самоуправа.

Постои неусогласеност помеѓу уредбите на контните планови за буџети и фондови и буџетските корисници, правилниците за класификација на приходите и расходите од една страна, со уредбите за билансите на буџетите, фондовите и

нивните корисници. Освен тоа има низа неусогласености и меѓу уредбите и контните планови кои ревизијата ги обелоденува во ревизорските извештаи.

Министерството за финансии треба да ги донесе предвидените подзаконски акти со Законто за буџети, правилници уредби, упатства и слично, со што ќе се обезбеди една хомогена регулатива во областа на сметководството и финансиското известување, во јавниот сектор на сите нивоа.

Почитувани пратеници, сакам да го истакнам и вниманието што на државниот завод за ревизија, во врска со интеграцијата на РМ,во ЕУ, му се посветува преку мерките за имплементација на спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и ЕУ, и Државната рограма за превенција и репресија на корупцијата односно со акциониот план за имплементација на овие документи што го има Владата.

Самото извршување на државната ревизија има пред знак на утврдување и примена на законитоста во финансиското работење, а со тоа и борба против незаконитоста, злоупотребите и корупцијата.

Имајќи предвид дека Државниот завод за ревизија, од познати причини сеуште не го заврши планот за операционализација на Законот за државна ревизија, во овие документи  планирани се активности за Државниот завод за ревизија и дадени се неколку препораки, неопходни за успешно и целосно имплементирање. Во нив во прв ред е истакната потребата за зајакнување на улогата на Државниот завод во остварувањето на независноста на државната ревизија и уставна и финансиска, кадровското доекипирање на државниот завод, континуираната едукација на ревизорите и потребните измени и дополнувања на Законот за државна ревизија, проширување на соработката со Собранието и интерна телевизија и зголемување на јавноста во работењето на Државната ревизија.

Повратното информирање на државниот завод за ревизија за преземените мерки од страна на надлежните раководства и управни органи во однос на утврдените наоди и предложените мерки во ревизорските извештаи, дел од ефектите што со државната ревизија се цели да се постигнат кај субјектите, за примена на прописите.

Ненавременото извршување на утврдените активности за државниот завод ќе овозможи успешна елиментација на Спогодбата за асоцијација и стабилизација на РМ со ЕУ и ефикасно спроведување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, по прашањето на Државна ревизија што би претставувало негативен елемент во вкупните напори на РМ за исполнување на условите за апликција на државата за кандидат за прием во Унијата.

Државната ревизија претставува и постапка на утврдување на финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, во смисла на законското и наменското користење на средствата како и оценка за користење на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност.

Целта на Државната ревизија е осигурување на одговорноста на Владата за прибирање и употреба на давачките на граѓаните. Значењето на Државната ревизија произлегува од тоа што таа со своето работење придонесува да се зголеми, ефикасноста и ефективноста и ја спречува корумпираноста на органите и институциите во јавниот сектор, обезбедувајќи соодветна вредност на вложените средства на граѓаните, што од аспект на подготвеноста за прием во Економската Унија е битна компонента која не треба да се потценува.

Во вториот дел на годишниот извештај направени се обсервации на прашањето за кадарот на средствата, на опремата, на потребите за екипирање или целосно опремување.

Во интерес на објективноста и реалноста во информирањето истакнуваме дека во 2002 и 2003 година е направен прием на еден дел од потребниот кадар со преземање од други органи, што се гледа и од податоците за бројот на извршители и бројот на ревизираните институции и презентирани во годишниот извештај.

Во контактите со Министрството за финансии, во врска со утврдувањето на Предлогот на буџетеот за 2004 година, со претставници на Светската банка, ММФ, во врска со програмата за едукација на вработените, која е во тек, димензиониран е и бројот на вработените и потребните средства за работа. Овој роект треба да овозможи зголемен опфат на субјектите,потребен за ревизија, што истовремено значи можност за реализација на функцијата утврднеа со закон.

Ќе акцентирам некои од прашањата што во активностите на Државниот завод се битни од аспект на извршувањето на функцијата, како што е натамошната едукација на кадарот и едукација на корисниците на ревизијата, поставувањето и развивањето на комуникацијата со Собранието и со јавноста.

Државниот завод за ревизија, според програмата и според законот не е во позиција и се воздржува од презентирање на инфорамции за својата тековна работа, се додека за тоа не се создадат законски основи. Поради тоа јавноста останува недоволно информирана за дејноста и функционирањето на институцијата, во поглед на утврдување, во поглед на утврдување на степенот на корисноста и степенот на наменската употреба на средствата постигнување на целите со проектите што се финансирани од јавните средства.

Во практичната ревизија дојдовме до сознание дека еден дел од раководните лица што ја следат законската регулатива на дејноста која ја координираат, што зборува дека одговорноста кон вршењето на јавните функции што се финансирани од средствата на даночните обврзници, не е изострено на потребниот степен. Надлежните министерства и институциите за субјектите кои се под нивна надлежност, на база на ревизорските наоди, укажувања, како и врз основа на соодветните анализи и интерес за развој на дејноста, треба да утврдат конкретни неусогласености во прописите и во нивната примена и да иницираат нивно отстранување или усогласување, како и целосна примена.

Ревизорските изештаи во кои се презентирани наоди кои според оценката на овластениот државен ревизор содржат индикации дека е сторено кривично дело се доставени до јавниот обвинител на РМ и до МВР.

Водечките упатства за принципите на ревизијата содржани во декларацијата од Лима кои упатуваат на уредно и ефикасно користење на средствата, е еден од основните предуслови за правилно управување со јавните финансии и донесување на ефективни одлуки од страна на компетентни луѓе од јавниот сектор.

За да се оствари оваа цел неопходно е државата да има независна и самостојна ревизорска институција како дел од контролниот систем на државата. Таа има за цел навреме да ги открие отстапувањата од предвидените стандарди и повелби на принципите на законитост, ефикасност, објективност и економичност во раководењето и управувањето со јавните средства, за да можат да се преземат конкретни мерки. Во пооделни случаи со мерките треба да се натераат обете страни да прифатат одговорност да се добие надомест или да се превземат чекори и мерки со кои таквите повреди во иднина ќе се спречат, или барем ќе се отежнат.

Врз основа на принципите на декларацијата во Лима, во нашата земја е донесен Законот за државна ревизија, која по својата содржина отстапува од овие принципи по два основа. Независноста на Државниот завод за ревизија не е утврдена со Уставот на Република Македонија и не е обезбедена финансиската независност на Државниот завод за ревизија. Оттаму ценам дека е неопходно посебно да го акцентирам прашањето за обезбедување на самостоен буџет на Државниот завод за ревизија на начин што ќе се создаде соодветна законска основа и ќе се уреди постапката за начинот на неговото донесување.

Во тој контекст, Државниот завод за ревизија покрена иницијатива за измена и дополнување на законот за Државниот завод за ревизија кој е упатен кон надлежните органи што имаат уставна можност да предлагаат такви измени и

дополнувања, а во тек се активностите за иницирање и утврдување амандман на Уставот на Република Македонија заради уставно регулирање на материјата за државната ревизија во согласност со оперативниот план на Владата.

Почитувани пратеници, со заклучоците на Собранието по Годишниот извештај за 2001 година, Собранието даде насоки и ја задолжи Владата да ги прошири елементите кои овозможуваат оптимална активност. Колку се исполнети очекувањата на Собранието, дали државните органи обезбедија услови Државниот завод за ревизија да направи онолку колку што со тие заклучоци на Собранието се создадоа можности е прашање на оценка. Каков е квалитетот на реализираните задачи, нивното професионално ниво, каква е тежината на ревизорските наоди, какви мерки презеле надлежните органи за отстранување на законитостите, исто така е прашање на оценка и одлука на Собранието. Дали за јавноста се обезбедија реални индикации за оценка на работењето на Владата и управување со проектите финансирани од јавни средства, која по дефиниција треба да биде одговорна за начинот на употребата на јавните средства и ефектите од нив. Колку степенот на информираноста на даночните обврзници за начинот, квалитетот и ефектите и употребата на средствата што тие ги плаќаат влијае повратно врз нивната поддршка на владините инцијативи за развој на дејностите. Очекуваме насоки за понатамошна работа, со донесување на заклучоци во функција на натамошно создавање услови за заокружување и унапредување на работата на државната ревизија.

Меѓутоа, истакнувам дека е посебно потребно да се утврди програма од собраниските тела за следење на активноста на Државниот завод за ревизија за расправа по тековните ревизорски извештаи и превземање на мерки за функционирање на законитоста во работењето на институциите во согласност со декларациите кои ја покриваат работата на врховните ревизорски институции вклучувајќи тука и посебна расправа по ревизорски извештај на независен ревизор на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија.Со тоа ќе се обезбеди целосна слика за функционирањето на државната ревизија и за квалитетот и ефектите од неговата работа.

На крајот, сакам да ја изразам својата благодарност кон пратениците за укажувањето и сугестиите што се искажани во расправата по Годишниот извештај на комисиите и она што ќе биде во продолжение на оваа расправа, благодарност кон претставниците на субјектите кои асистираа во фаза на вршење на државната ревизија и благодарност кон моите соработници кадри од Државниот завод за

ревизија за нивната досегашна несебична ангажираност во реализација на задачите. Ви благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници за Ваша информација има 7 дискутанти пријавено, првиот е господинот Коста Прешоски, а нека се припреми господинот Ангел Димитров.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почиувани претставници на Влада, колеги пратеници,

Од извршената ревизија за 2001 година на неколку единки корисници, односно министерства, мојата дискусија ќе ја насочам само на Министерството за култура, од причини што предмет на ревизијата не беше буџетот на општината од која што јас потекнувам, или некој од фондовите, или пак Министерството за образование, бидејќи во тој случај ќе можев поизворно и поквалитетно да се впуштам во расправа и дискусија.

Според констатацијата на ревизорот од Државниот завод за ревизија донесена врз основа на конкретни наоди и оценки, како резултат на изршената ревизија на финансиските извештаи за 2001 година во ова министерство се работело незаконски, ненаменски се користеле средсвата со разни финансиски трансакции, а кои претставуваат државни расходи. Поткрепа за ваквите констатации може да се најде скоро во сите наоди од точка 1 до точка 23 во извештајот. Ќе издвојам само неколку од нив покарактеристични според мене доволно да се преземат веднаш мерки од надлежните органи и институции и да се утврди конкретната одговорност на учесниците во незаконските финансиски трансакции и одговорност на оние кои го оневозможувале или извршувале ненаменското трошење на државните пари кои се јавни приходи. Така ќе издвојам некои покарактеристични констатации.

Прво, финансиски план за распределба на средства по одделни единки корисници за 2001 година во Министерството за култура не е направен, што претставува неспроведување во тој дел на законот за буџети.

Второ, за 93 уметнички слики и 2820 книги евидентирани во пописот, не се прикажани вредносно со што во билансната состојба материјалните средства се невистинито утврдени. Се прашувам дали со ова се сакало нешто да се прикрие или да се постигнат некои други книговодствени ефекти.

Трето, дадени се аванси во износ од 462 иљади денари на Комисијата за македонски јазик за полагање на лекторски испит преку авторско правната агенција на Република Македонија, а не на фактури за извршената работа. Без соодветна книговодствена документација неминовно се јавува сомневање дали воопшто е извршена работата за кои се потрошени средствата.

Четврто од ставката други оперативни трошоци, по однос на репрезентација исплатени се средства за хотелско сместување на вработени без потпишан патен налог. За хотелско сместување на надворешни лица со кои се нема склучено никаков договор исплатено е 46.000 денари. Исплатен е надомест за изработка на бисерна огрлица од 36.000 денари. За сите овие дејанија, мислам дека не е портебен посебен коментар.

Петто, од ставката мебел и канцелариска опрема е исплатена набавка на софтвер од фирмата “Давид компјутери” во износ од 151.000 денари. Значи намерно ненаменско користење на средствата не за намени за кои се планирани.

Шесто, од ставката канцелариски мебел и опрема се префрлени 7.500.000 денари на единка корисник на ден 31.12.2001 и тоа без решение за одобрување на средства од страна на министерот. Истите средства не биле предвидени од Буџетот за финансирање на дејностите од областа на културата за 2001 година. Ова е еден од начините за прикривање на потрошени средства на крајот од годината со незаконско префрлање на единка корисник без да биде утврдена намерата. Намерата само може да се претпостави.

Седмо, подигнатите аванси за службени патувања неблаговремено се расчиствуваат.

Осмо, службените патувања се извршуваат без потпишан патен налог. Налозите се одобруваат по извршените патувања.

Значо имаме неодговорно однесување при трошење на средства за патни и дневни трошоци.

Девето, трошоците за гориво и масло за службени патувања во износ од 135.000 денари се исплатуваа врз основа на сметкопотврди, без патен налог за користење на возилата и без можност да се оцени оправданоста на сметките за потрошен бензин во однос на изминатите километри.

Се прашувам по што може да се заклучи дека станува збор за службени, а не за приватни патувања и дали воопшто се извршени патувањата, или дали нема сомневање дека можеби сметкопотврдите се фиктивни.

Десетто, при користење на мобилните телефони разликата за надминување на лимитот од 3500 денари месечно, функционерот во министерството не ја надокнадува. Очигледно имаме непочитување на одлуки и недомаќинско трошење на буџетски пари.

Единаесетто, извршени се набавки со непосредно спогодување за ист предмет на набавка од еден ист добавувач, во вкупен износ од 1.618.000 денари, спротивно на Законот за јавни набавки и притоа не се водело евиденција на извршените јавни набавки. Тоа е уште еден случај за изигрување на закон, а веројатно, со цел на стекнување на противправна имотна корист.

Дванаесетто, за репрезентација има надминување, или повеќе потрошени од планираните средства за 1.148.000 денари. Се прашувам, дали е потребен коментар. Несомнено е дека навистина неконтролирано се трошени средства за оваа намена.

Тринаесетто, вршени се пренамени меѓу ставки без согласност од Министерството за финансии, спротивно на член 7 од Законот за извршување на буџетот за 2001 година.

Четиринаесетто, констатирано е ненаменско користење на средства од ствката тековни трансфери од билансот на приходи и трошоци кои што не се во согласност со законските прописи и интерни акти на Министерството. Ова се однесува на: набавка на фотоапарат во износ од 159.000 денари.

Почитувани колеги љубопитноста ме натера овие денови да се прошетам низ продавниците во Скопје специјализирани за фотоопрема и слично и верувајте, не успеав да најдам така вреден, квалитетен и чудо од фотоапарат. Потоа од оваа ставка ненаменски за репрезентација се потрошени средства во износ од 1.631.000 денари. За патни трошоци и трошоци за сместување на надворешни лица без соодветен документ се потрошени средства во износ од 486.000 денари. Имаме исплатено средства за набавка на авио билети за вработени во износ од 1.749.000 денари, без да се приложат авионски карти како доказ дека патувањата се навистина извршени до одредени дестинации и без решение од овластен наредбодавец за одобрување на тие патувања.

Исто така, на име на министерот без приложени сметки се направени трошоци во износ од 282.000 денари за патување во странство извршена е и исплата на средства преку Македонска банка со кредитна картичка Американ експрес. Се прашувам дали и за ова е потребен коментар. Каде патувале вработени од ова Министерство? Во земјата и во странство, па потрошени се толку многу средства.

Дали скапиот апрат за сликање бил набавен за да се овековечат нивните патувања. Исто така, не им биле доволни и повеќе потрошени средства за репрезентација на планираните, за што стана збор погоре, па и од други ставки се користени средства за оваа намена и така натаму.

Значи незаконско и ненаменско трошење има на средства добиени од донации, како на пример од ЕСМ како спонзорство добиени се 2.500.000 денари и не се исплатени за намената за кое се добиени, односно за балетот на МНТ, туку се искористени за набавка на моторно возило “Ландровер”. Значи може да се констатира дека финансиските извештаи на Министерството за култура за 2001 година невистиниот и необјективно ја искажуваат финансиската положба и резултатите од работењето. Се надевам, а и граѓаните на Република Македонија очекуваат констатациите и заклучоците на државната ревизија, Владата на Република Македонија да ги реализира во целост, за да во иднина не ни се случуваат криминалците да ги трошат народните пари. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Самиоловска имате реплика или дискусија.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Јас бидејќи имам малку поосежно да дискутирам на предмалку изложеното, моето право ќе го задржам во форма на дискусија, само сакам да кажам дека малку подоцна ќе се пријавам за дискусија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние во 13,00 часот ќе направиме пауза и затоа сметам дека ако бидат толку долги дискусиите имаме уште еден дискутант. Тоа е господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван господине претседателе, почитуван господине Тошевски, почитувани колеги пратеници,

За жал, како од Извештајот на Државниот завод за ревизија за 2001 година, така и од Извештајот за извршените ревизии во текот на 2002 година останува истата констатација, дека во Република Македонија сеуште не постои одговорност за трошењето на јавните средства од страна на органите и институциите во јавниот сектор, а кои се прибираат се разбира, од даночните обврзници. Аргументите кои ја потврдувааст оваа констатација би ги поделил во две групи и тоа: првата група која говори за неоговорното и незаконитото трошење на јавните средства и втората група која говори за недоволните мерки и активности од страна на надлежните

институции за зголемување на законитоста во сите сфери на прибирањето и на користењето на јавните средства.

Дозволете ми во натамошното мое излагање да наведам примери и податоци кои ќе ги потврдат овие аргументи. Во повеќе од 65% од реализираните ревизии во 2002 година, а се однесуваат на финансиските извештаи за 2001 година Државната ревизија искажала мислење дека финансиските извештаи се нереални и необјективни. А кај повеќе од 54% од реализираните ревизии е утврдено незаконско и ненаменско користење на средства.

Државниот завод за ревизија не се осмелува да даде општа глобална оценка за објективноста и вистинитоста на финансиските искази со образложение дека опфатот од 5,46% од можниот број на субјекти предмет на ревизија не дозволува да се извлече глобална оценка. Но од друга страна ако се земе предвид дека опфатот мерен врз база на обемот на средствата што ги трошат субјектите кај кои е извршена ревизијата е далеку поголем од опфатот мерен според бројот на субјектите кои се опфатени. Така на пример кај единиците на локална самоуправа тој изнесува над 28%, тогаш не гледам причина изнесените мислења во ревизорските извештаи да не ја изразуваат глобалната оценка за состојбите. Впрочем, вие политичарите знаете дека анкетите што ги прават агенциите пре изборите иако на многу помал опфат на испитаници многу точно го изразуват мислењето на граѓаните, па не гледам зошто овие резултати не би биле доволни за изведување на глобална оценка на овие негативни појави во општеството. Ова може да се потврди и од видот и од тежината на утврдените неправилности и незаконитости. Така на пример кај 16 субјекти од буџетите и фондовите дадени се заеми на други субјекти спротивно на законите за буџет, во вкупен износ од над 311 милиони денари. А оваа незаконитост само кај два субјекта од јавните претпријатија достигнува износ од над 508 милиони денари и тоа кај Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор во износ од 456 милиони денари и кај Јавното претпријатие за аеродромски услуги износ од 52 милиони денари.

Се разбира, тежината на утврдената незаконитост, а со тоа и со степенот на одговорноста, на одговорните лица кај овие субјекти не е иста и ќе зависи од тоа дали дадените позајмици се направени врз база на одлука на основачот на тој субјект, дали се пресметувани договорените камати по договорот и дали се преземени мерки за повраќај на рокот на позајмените средства, што во голем случај не е направено.

Друг многу интересен проблем се јавува со отстапувњето на законските прописи, кои ја регулираат исплатата на платите и другите надоместоци во локалната самоуправа. Утврдените износи на повеќе утврдени трошоци за плати и надоместоци кај некои органи на локалната самоуправа достигнуваат дури и до 50% од вкупните трошоци на име плати, наемнини и надоместоци. Така на пример, овие износи во општина Центар изнесуваат 28%, во општина Гази Баба 42%, општина Карпош 44% и општина Кисела Вода 53%. Сите овие ги земав како пример.

Друг голем проблем претставува остварувањето на разни приходи од страна на буџетските корисници и на јавните претпријатија со доминантен државен капитал, кои не се уплатуваат во Буџетот на Републиката и не се искажуваат како приходи, со што се потценува добивката. Така на пример, во Министерството за надворешни работи односно во дипломатско-конзуларните претставништва се остварени приходи од конзуларни такси и приходи по други основи во износ од 239 милиони денари, кои не се уплатени во Буџетот и се користени за подмирување на тековните обврски, што е спротивно а законските прописи. Во јавното претпријатие за станбен и деловен простор на Република Македонија, исто така, има помалку искажани приходи од продажба на станови и на деловен простор во износ од скоро 760 милиони денари.

Многу интересни незаконитости се утврдени и во Министерството за финансии. Тогашниот министер за финансии со решение уплатил за службено патување во странство на лица кои биле вработени во телевизиските и пишаните медиуми на разни консултанти и лица вработени во Управата за авни приходи и притоа им исплатил за патни и дневни трошоци износ од 917 илјади денари. И, додека за вработените во Управата за јавни приходи проблемот е во тоа што наместо овие трошоци да бидат исплатени од разделот на Управата за јавни приходи, се исплатени од сметката за редовно работење на Министерството за финансии, што и може да му се прости. Но, за лицата кои се вработени во разни телевизиски и пишани медиуми, не постои никаков договор за дело, од кој би се видело за кои тоа цели на Министерството за финансии овие лица патувале во странство и земале средства на име патни и дневни трошоци.

Интересни се трошоците, исто така, во Министерството за финансии за спроведување на разни маркетиншки кампањи, како на пример, онаа за националната платежна картичка. За жал, состојбата таму е сега многу лоша. Таму се исплатени вкупно над 27 милиони денари. Бидејќи, не се влезени во планот на

Министерството за финансии, се евидентирани на поицијата копирање, печатење и издавање, што е исто така неправилно.

Но, како шлаг на сето ова како пример што го кажав се незаконитостите кои се во Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Така, кога од Фондот на фирмите Здравец-Скопје, Јака-Радовиш, Ветфарм-Скопје и Медицинска пластика од Тетово предвреме за недоспеани обврски спрема овие фирми, избрани фирми така да ги наречам, со цесија им се уплатени 298 милиони денари, а цесионерот Македонска банка - Скопје за овие депозити им исплатила на овие фирми околу 100 милиони денари и тоа, замислете, во време кога Фондот за здравствено осигурување, кој поради својата неликвидност плаќал камати на своите добавувачи затоа што не можел навремено да ги плати своите обврски. Вакви примери има многу.

Сега, би кажал нешто за втората група а аргументи, кои говорат за недоволните мерки и активности од страна на надлежните органи за зголемување на законитоста во сите сфери на прибирањето и на користењето на јавните средства. Основната причина поради која одговорните лица кои располагаат со јавните средства, сеуште неодговорно се однесуваат со располагањето на овие средства, се недоволните мерки од страна на надлежните органи и институции, кои се должни да преземаат мерки за отстранување на девијациите утврдени со наодите на ревизорските извештаи. Ова во прв ред е задача на Владата, на Јавното обвинителство, на Министерството за внатрешни работи, на Јавното правобранителство. Тие согласно законот се должни во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај, да го известат Државниот завод за ревизија за преземените мерки како во отклонувањето на утврдените неправилности, незаконитости, така и во утврдувањето на степенот на одговорноста на сторителите на незаконитостите.

Дека до сега преземените мерки од страна на надлежните институции се недоволни говорат следните факти. До денот на изготвувањето на извештајот од страна на Државниот завод за ревизија кај 83 субјекти е истечен рокот од 90 дена за известување  за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи. Само седум субјекти доставиле девет известувања за 12 извештаи. Додека за останатите 83 извештаи нема повратни информации. Потребните известувања не ги доставиле 11 буџети на единици на локална самоуправа, 11 органи на единици на локална самоуправа, 17 фондови на единиците на локалната самоуправа, 17 буџетски корисници, 5 републички фондови, 20 јавни претпријатија, Агенцијата за приватизација и Буџетот на Република Македонија. Ова значи дека кај 87% од

неизвршените ревизии органите за надзор за работата, за контролата на субјектите кои располагаат со јавните средства воопшто не чувствуваат потреба да постапат по член 23 од Законот. Ако на сето ова се додаде и констатацијата дека од вкупно извршените 95 извештаи, само во 8 извештаи, значи, само во 8, 42% е утврдено реално и објективно искажани финансиски резултати, тоа значи помалку од 10% од вкупните извештаи, тогаш навистина во оваа сфера ќе треба уште многу да работиме. Некој можеби овој проблем ќе го поврзе со тоа која политичка партија или коалиција била на власт или проблемот ќе го минимизира, ќе го сведе на недоволна обученост на сметководителите и на одговорните лица. Ваквите обиди да се разводнат проблемите и да им се даде политички призвук, навистина, се несериозни. Затоа што, граѓаните на Република Македонија, кои од својата скромна заработувачка издвојуваат за вршењето на овие јавни дејности, не ги интересира политичката припадност на сторителите на незаконитостите. Нив ги интересира кога и дали Република Македонија конечно ќе стави крај на ваквото незаконско користење на средствата на даночните обврзници. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика на господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Би сакал да обрнам внимание на излагањето на претходниот пратеник, затоа што мислам дека беше со одредена цел и намера неговото излагање. Прво, дава лекции за состојбите и оценка врз база на релевантни податоци во одреден број на проценти. Очигледно е дека не му е познато дека не може да се направат проекции од таков тип врз база на статистички изведени податоци, каде што не може дефинитивна сигнификантност да биде постигната. Токму од тие причини мислам дека господинот Методија Тошевски се огради од глобано позиционирање на тие работи. Значи, на 5% материјал, не можете за 100% материјал да тврдите ништо, тоа е една работа. Такви проекции во начело се погрешни едноставно.

Другиот дел на неговото излагање е сведено на блатење односно сугерирање на некоја кривична одговорност на претседателот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ, а исто така и на потпретседателката и сметам дека сето тоа не е кажано на прав начин, односно сугерирана е некоја кривична одговорност, а се работи за сосема друга работа. Не значи ненаменско трошење на средства и незаконско , проневера и тн. Мислам дека пратеникот не е во состојба да направи јасна дикстинкција помеѓу елементите кои што самиот сакаше да ги изложи.

Од тие причини сметам дека тоа беше крајна цел како тенденција на омаловажување на претседателот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Контра реплика една минута на господинот Ангел.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Се разбира дека секој пратеник во Параментот кога ќе се јави за дискусија има одредена цел, не се јавува туку така, како што и господинот имаше цел со репликата да ги омаловажи или, така да се каже, да ги обезвреди наодите на ревизијата или да стави еднаквост помеѓу тоа што значи, како што кажа господинот главен репуглички ревизор господинот Тошевски, пренамена на ставки, од една подставка на друга и за тоа навистина не треба ни да се зборува. Но, во извештајот, ако внимателно го читате многу јасно се прави дикстинција што значи од една страна дека државниот завод за ревизија не може да даде мислење дека финансиските извештаи се нереални, тоа е во поголемиот број на случаи од 65% од извештаите. Но, многу јасно стои дека во 54% од извештаите се работи за незаконско и ненаменско користење, што е сосема друга работа и мислам дека на господинот му е јасно. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако нема други реплики, јас пред да прогласам пауза, би сакал нешто да кажам.

Имено, оваа тема е доста чувствителна и за позицијата и за опозицијата. Секако, пристапот е од спротивни страни. Јас апелирам врз основа на овие факти, кои што во овие извештаи, сепак,  се сочувува културата и дигнитетот на зборот, сега се извинувам што на време, да кажеме, не е културно да оценуваме дали некој е криминалец или не е криминалец, бидејќи тоа не е наша надлежност. Но, фактите овдека, сепак, секој има право да си ги интерпретира. За секој грд збор постои фина варијанта. Благодарам.

Продолжуваме во 14 часот и прв дискутант е Голомеов Благој.

(ПО ПАУЗАТА)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Благој Голомеов, а после него е господинот Иван Анастасовски.

БЛАГОЈА ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине претседателе, господине главен државен ревизор, колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа четвртиот, ако не се лажам, финален извештај на Државниот завод за ревизија, кој се однесува, кој е воспоставен со Законот од 1998 година како институт преку кој треба да се обезбеди, пред се, сознание за законитоста во прибирањето и користењето на јавните средства прибрани од даночните обврзници. Покрај законитоста и намената на нивното користење во ревизијата се утврдуваат и начинот на користење на средствата односно од аспект на економичноста и ефикасноста и ефективноста.

Се поставува прашањето дали после овие четири години Државниот завод за ревизија го има правото место во Република Македонија, во нашиот правен систем, односно дали суштински се постигнуваат ефектите од неговото постоење. Тоа е институција или институт кој е секаде во светот присутен, нормално дека мора да биде присутен и кај нас, бидејќи треба да биде брана во спречувањето или елиминирањето на корупцијата, која најмногу се јавува кога се трошат јавни прибрани средства. Ова го велам од аспект, не поради тоа дали Државниот завод за ревизија ефикасно ја извршува својата работа спрема своите капацитети со кои располага, сигурно дека луѓето и тоа како добро се обидуваат да ја извршат својата задача најдобро што можат, меѓутоа, сигурно дека се судруваат со низа потешкотии.

Ние имаме веќе четврт извештај во кој индициите за криминогено недомаќинство, незаконско однесување на поодделни раководни лица кои се во функција да ги трошат јавните пари е повеќе од очигледно. Значи, од година во година едноставно се пресликува состојбата, иако имаше дискусии и стојат некои работи дека за тоа подоцна ќе кажам, опфатот на субјекти кои се подлежни за ревизија, се поставува прашање дали може да се извлекува генерална оценка. Меѓутоа, ако вие во еден извештај финален, во неколку финални извештаи вакви имате една иста ситуација, тогаш веројатноста дека во најголем дел од трошењето на јавните средства ваквите појави се одомаќинети, се големи.

Ова, пред се, од аспект што и колегата Димитров пред тоа го зачна и го напомена, обврската како овие главни извештаи на Државниот завод за ревизија да ни служат како да се цел сами за себе. Како да ни служат единствено во Парламентот овде да поведеме меѓупартиска, да речам, не меѓупартиско надмудрување за тоа кој, како, кога, каде и после тоа едноставно се ставаат на страна и целата работа и целиот ефект од нив е завршен.Иако треба да се однесуваме сосема спротивно и поинаку, бидејќи врз основа на овој финален

извештај на Државниот завод за ревизија, структурите кои се повикани за тоа, тука се и Владата, Министерството за внатрешни работи, Обвинителството, треба, а и се обврзани според член 23 од Законот за ревизија во рок од 90-тина дена да поднесат извештај за тоа што е констатирано, врз основа на констатациите односно во финалниот извештај што е преземено да се отстранат тие аномалии, како не би се појавувале во идниот, понатамошниот период. Вака, се стекнува впечаток дека целата работа некако оди комплетно неефикасно, а се одомаќинува едно мнение дека ревизиите ќе дојдат и ќе си поминат и никому ништо, животот оди понатаму. Мислам дека така не се однесуваат во демократски развиените земји. Многу е поголема одговорноста, а токму повторно велам, ова е институт кој што треба и тоа како да биде во функција на борба против корупцијата, за која и тоа како сме се определиле и мислам дека имаме консензус во таа работа. Значи, мораме да инсистираме разврска односно санкционирање на одговорноста на носителите на ваквите девијантни појави, кои се индицирани во финалниот извештај на Заводот за државна ревизија, а кои треба да добијат разврска, пред се, во другите структури кои се повикани и надлежни за таа работа.

Она што мене ме радува е впечатокот дека и во овој извештај Државниот завод за ревизија се оттргнал од политичкото влијание. Можеби е од тајмингот во кој се работени овие ревизии, а тоа е 2002 година, втората половина и тн., меѓутоа, сепак радува фактот дека политичкото влијание овде едноставно не може да се види. Мислам дека и како Парламент и како држава ние треба да одиме чекор напред и да обезбедиме максимална независност на Државниот завод за ревизија, ако сакаме тој суштински да ја остварува улогата во нашето општество и тоа од аспект дека треба тој да биде санкциониран или неговото место да се дефинира во самиот Устав а и да се обезбеди независен буџет, нешто слично како што направивме и за судовите, иако таму не чека уште работа во смисла на обезбедување на независност на судската власт преку обезбедување на квалитетни механизми за избор и разрешување на судиите. Значи, трба да обезбедиме овие основни претпоставки, за да се овозможи навистина квалитетна работа на ревизорите односно на Државниот завод за ревизија.

Она што загрижува секако е опфатот на субјекти кои се предмет на ревизија. Тие се дефинирани со член 6 и 7 од Законот за ревизија. Во член 6 е јасно кажано дека 257 субјекти, а тоа се пред се буџетите, буџетите на локалните самоуправи, буџетите на јавните претпријатија, мора континуирано да бидат подложни на ревизија, бидејќи се места со висок ризик, односно места каде што може да има

појава на корупција. Меѓутоа, јасно е дека, имајќи го предвид повторно ограничувачкиот капацитет на Државниот завод за ревизија, од тие 257 субјекти, во план се ставени само 58, а се реализирани 39 или само 15,2%, што едноставно не е допусливо, по мене, бидејќи ако по законот стриктно се пропишува така, тогаш или треба како Парламент законот да го модифицираме, тој член да го редефинираме или строго да обезбедиме услови сите овие 257 субјекти да се подложат под континуирана ревизија.

Од друга страна имаме уште 1483 субјекти кои се дефинирани во член 7, според таканаречената програмирана ревизија или се донесува програма за нивно вршење на ревизија на овие субјекти, се со цел да се создадат предуслови да се елиминира корупцијата, да се постигне домаќинско трошење на средствата од даночните обврзници. Тоа е главен и основен приоритет. Меѓутоа, во овој извештај само 83 такви ревизии се направени или само 3,8%, сосема минимален број. Или, на крајот на краиштата од 141 планирана ревизија, изведени се 95, што значи 5,46%. Тоа беше и повикот од страна на опозицијата дека ваков процент 5,46% и не може да биде основ за изведување на генерална оценка за работата за трошењето на јавните средства. Меѓутоа, повторно велам, ако во неколку извештаи последователно имате една иста ситуација, тогаш веројатноста дека ќе имаме корупција, веројатноста дека имаме криминогено однесување, веројатноста дека имаме криминал, би рекол или несовесно, несоодветно работење, е многу, многу веројатно.

Затоа, е неопходно да се преземат одредени чекори Државниот завод за ревизија да ја врши улогата онака како што е предвидено во Законот и затоа сметам дека треба под итно да се изврши доекипирање на Државниот завод за ревизија, иако сметам дека треба премногу извршители, за да се оствари квалитетно она што е во законот пропишано, под ревизија да се подвргнат континуирано 257 субјекти и добар, добар процент од други 1463 субјекти. Затоа, освен кадровското доекипирање, сигурно ќе треба измени во смисла на планирањето на ревизиите од аспект приоритет да добијат оние институции, оние субјекти кај кои, ќе повторам, постои висок ризик односно кај оние субјекти кај кои претходно се индицирани или кај кои врз основа на одредени информации од страна се констатираат можни злоупотреби.

Од свој гледајќи ги работите, ако почнеме квалитетно да ги санкционираме ваквите девијантни однесувања кои се иницирани во финалните извештаи во Заводот за државна ревизија мислам дека многу брзо ќе се постигне голем ефект во

борбата против корупцијата. Кога ќе се види дека навистина се санкционира таквото недомаќинско однесување во права смисла на зборот, нема да биде едноставно, секое раководно лице кое располага со јавните средства добро ќе размисли пред да направи било што се коси со сметководствените стандарди или со она што претставува економска логика при трошењето на средствата кои се прибрани од страна на даночните обврзници.

Сигурно, во правец на подобрување на ефикасноста на функционирањето на Државниот завод за ревизија мора да се зголеми ефикасноста на самите ревизори, бидејќи сепак е индикативно дека 429 часа се потребни, ревизорски часа се потребни да се изврши ревизија во една институција. Ако таквите параметри се реални и ако не можат оптимизираат, да се скратат тие рокови, ако не може да се најде начин квалитетна ревизија да се врши со многу помал обем на потрошени ревизорски часови тогаш верувам дека ќе ни треба една цела армија на ревизори, што оваа држава не може да го поднесе. Затоа сметам дека треба да се оди во двата смера и да се прави една квалитетна програма на ревизија и да се напаѓаат воглавно оние субјекти кои се со висок ризик и да се подобри ефикасноста на работењето на Државниот завод за ревизија.

Во секој случај моја констатација е дека после 4 години ние фактички немаме исталиран Државен завод за ревизија односно неговата улога не ги постигнува оние ефекти кои треба да ги постигне. Се плашам дека ако вака продолжи институтот ревизија лесно ќе го пренабрегнуваме односно наместо да биде инструмент во борба против корупцијата тоа нема сигурно да биде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Иван Анастасовски и нека се подготви пратеникот Наташа Биковска.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Колегата ми рече Иване зошто ти ќе дискутираш околу годишниот извештај за 2001 година? Јас вака ќе одговорам. Она што го кажа г. Тошевски во своето воведно излагање дали треба да се биде економиста за да се уочи фактот дека 65% од она што е изнесено во извештајот укажува на тоа дека е работено незаконски, или 27% од тоа што е сработено се гледа како резерва и може да помине во негативно работење, а само скромни 8,2% се земаат како работи кои навистина се работеле

објективно и реално. Тоа е мојот одговор. Значи не мора да се биде економист за да сето тоа се уочи.

Јас не би сакал генерално да навлегувам во извештајот, бидејќи е обемен и таму се констатирани голем број неправилности, меѓутоа она што мене ме инспирираше беше во делот на работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти. Тоа е формирано на 25.01.2000 година со Одлука на Владата и тоа се со една цел. Дотогаш сите спортски објекти на ниво на Република Македонија немаа некој делбен биланс и мораше тие да се најдат под некое покровителство и како такви од претходната влада да бидат давани на концесионирање на одредени личности кои биле наводно, сигурно блиски до таа власт за некои минимални месечни средства. Бидејќи сите тие објекти, јас сум член на Комисијата за ЗЕЛС која тоа го работи, се изградени од самофинансирање на граѓаните од одредени општини, така да тука е направен еден голем превид бидејќи не мораше да се формира едно такво јавно претпријатие. Тоа го констатира и самиот извештај во делот на работата на Јавното претпријатие за спортски објекти. Јас го делам тоа мислење, навистина која е суштината и работата на тоа Јавно претпријатие.

Посебно тука се наведува работата на тоа Јавно претпријатие околу некои набавки кои се направени во спортската сала во општина Куманово, од каде што јас доаѓам, не мора да се биде економист да се уочи дека 1.380.000 денари се дадени за нов семафор за во спортската сала, за записничка маса и за ставање на нови табли, кошаркарски табли во спортската сала. Тука не треба да се биде Реј Чарс и да се види дека во спортската сала и со тие потрошени средства не е инсталирано. Семафорот си е тој кој беше со изградбата од почетокот на спортската сала, 1982 година, записничката маса си е таа што и тогаш беше поставена, кошаркарските табли се сменети, меѓутоа во времето кога јас бев тренер во 1999 година кога Куманово се пласира во тогашниот клуб “Радивоје Корач” и според тие пропозиции таблите мораше да бидат заменети. Сега не знам како во 2001 година доаѓаме повторно тие табли кои ги задоволувале тие пропозиции да бидат заменети за некоја сума од 1.380.000 денари.

Исто така констатирани се некои неправилности во Агенцијата за млади и спорт околу изградбата на 35-те ветени сали, од кои, колку што знам само три се во завршна фаза. Една од тие беше изградбата на салата во населба Карпош во Основното училиште “Магдалена Антова” во Куманово. Ќе кажам кои беа последиците од тоа. Се ископаа дупките, се удрија темелите, се направи фешта и 2 деца имаме сериозно повредени од тие ископани во Основното училиште, каде што

луѓето од Месната заедница тоа го сугерираа до мене и јас имам за тоа поднесено пратеничко прашање.

На крајот што го видов во Извештајот, можеби беше малку задоцнето т.е. тоа е работата на Царинската управа каде што беше директор човек од мојот град, не сакам да го именувам. Четири години се пишуваше за неправилностите кои се вршеа во Царинската управа, а од она што го видов Извештајот тоа се потврдува и јас не би сакал да коментирам дека се трошени 46,500.000.000 денари за спонзорирање на спортски екипи, спонзорирање на разни манифестации, невладини и владини, давање на Младинската задруга “Леон” средства. Сето тоа што е констатирано во Извештајот, да не се остане на тоа кои ќе бидат ефектите од сето она што е наведено во Извештајот. Значи, ако некој нареден директор на Царинска управа тоа го применува и почне да спонзорира разни клубови за некои суми од 46 или 48 милиони денари, и купува шкоди, фелиции од 3 милиони денари, мобилни телефони од илјадници денари, кои се на крајот од сето тоа санкциите. Тоа треба да престане без разлика што тоа во тоа време било направено со тој директор на Царинската управа. Апелот е сето тоа да престанат, да се свати сериозно работата.

Треба да се истражи дали сето тоа е така, дали навистина тие клубови земале толку сресства, дали навистина младинската организација “Леон” добила 5 милиони средства од Царинската управа, бидејќи тоа се буџетски сресства, тоа се средства на граѓаните на Република Македонија.

Јас наискрено се надевам дека на крајот ќе се извлече некоја поука од сето ова и од извештајот за периодот од 2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеничката Наташа Биковска, а за реплика се јавува господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

За чудење е што оваа Влада сега врши пропаганда, наместо опозицијата да врши пропаганда на сметка на бившата Влада. Изгледа позицијата сега ги поделила улогите и ги напаѓа сите сегменти на општественото делување, владиното делување, меѓутоа во право постои една изрека која вели “подобро е 100 виновници да ги ослободиш отколку да казниш еден невин”.

Да претпоставиме дека имаме и злоупотреби, имало редистинации, предестинации, пренамена на ставките на Буџетот, меѓутоа јас ќе поставам едно хипотетично прашање. Ве молам, премиерот вели дека имаме за 100 милиони пораст на резервите, имаме пораст на економскиот развој за толку проценти,

всушност фактички народот осиромашува. Областа на инвестициите е катастрофална. Трошоците во јавниот сектор речиси не се чувствуваат. Навистина е таква економска состојба која што не дозволува ваков луксуз. Затоа јас мислам да ги оставиме тие што вие ги претпоставувате, да се занимавате со бившата влада, да се занимавате со позицијата и со состојбата во Македонија како во економската, како во политичката област, така и во другите области. Имаме пад на производството, имаме ниски инвестиции, имаме Охридски договор кој што не се имплементира според духот кој треба и имаме ограничување на либералната демократија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Одговор на оваа реплика има г. Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Колку што го разбрав колегата не знам дали јас имав некоја пропаганда овде. Јас изнесов некои податоци кои ме инспирираа од самиот Извештај и јас не гледам каде е логиката на Охридскиот договор со семафорот кој не е инсталиран во спортската сала во Куманово, а кој што чини 1.370.000,00 денари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Поттикнат од господата од позицијата кои конечно се решија да проговорат како што беше за Електростопанство, добро е, сега се зборува за 2001 година и ред е да се каже нешто.

Како човек кој доаѓа од спортот, ова што го кажа за спортските сали, еве веќе помина година и пол и од тие спортски сали некои кои беа при крај останати се така, а некои веќе се разрушени. Колку ќе има повредени ќе видиме наредните две години.

Мислам дека требаше да се направи една акција и да се најде барем малку доблест да се заврши тоа, затоа што тоа е во интерес на граѓаните и во интерес на младината на Република Македонија, за која што толку се ангажиравте, за која што толку кажувавте дека ќе има борба против злото, против алкохолот, против дрогата, а од друга страна за ваша информација во моментот и спортските екипи не може да тренираат во салите на Јавното претпријатие за стопанисување кое сега го има вашиот директор преку Агенцијата за млади спорт. Тука за сите младински екипи треба да се плаќаат поголеми пари отколку за оние што рекреативно се занимаваат со спорт. Тоа треба да го знаете, овие договори, што беа потпишани за концесионирање веќе се потпишуваат како штетни, но за жал се потпишуваат нови

договори со некои нови луѓе, кои што можеби не 2005, но многу порано ќе говориме и за тие договори како се создадени. Единственото што го гледам, тоа е во моментот спортската сала во Автокоманда, каде што доминира плаво жолтата боја и очекувам наредните денови да биде нацртана и розовата. Со тоа изгледа ќе бидат задоволени сите спортисти, посебно во Скопје, посебно во населба Автокоманда. Затоа дајте да најдеме некој начин како нешто што е почнато како идеја да се заврши, затоа што е добро и треба да се заврши, а не да разговараме, само да кажуваме дека треба, дека мора а од друга страна на правиме ништо за истото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Одговор на репликата има г. Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Она што го спомна колегата Мавровски во делот на спортот апсолутно го поддржувам - дека треба да се унапредува, спортот навистина е на едни ниски гранки во моментот во Република Македонија, меѓутоа она што го рече господинот Мавровски дека голем е процентот на салите кои се при крај во Република Македонија, да, и јас така ќе се согласам, од 35 само 3 се при крај. Тоа е скромно еден процент, а она што го кажав за салата во Основното училиште “Магдалена Антова” само е почнато, има ископини и има две деца кои се сериозно повредени. Затоа јас имам поднесено и пратеничко прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да му реплицирам на колегата Иван Анастасовски во делот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти.

Прво би сакал да кажам зошто е формирано тоа Јавно претпријатие, со оглед на тоа што се искажа сомнеж дека тоа не требало да биде формирано. Значи, би сакал да напомена дека 1998 година кога ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт спортските објекти беа повеќе од катастрофална состојба. Запуштени, со многу долгови за парно, за струја, нефункционални, со мали исклучоци. Тоа се провлекувало долг низ години наназад. Значи, ние Јавното претпријатие го формиравме се со цел да се овозможи овие објекти колку - толку да профункционираат и тоа колку што е можно повеќе на комерцијална основа. Сигурно дека не сме го постигнале тој ефект што сме го сакале и за кој што сме се обидувале, со оглед на тоа што ова е една материја која што е најмалку третирана во изминатиот период. Сметам дека ќе се

продолжи во тој правец за да можат сите овие спортски објекти да се стават во функција.

Значи, се искажа сомнеж дека се давани под концесии на луѓе блиски до власта, за ниски цени, јас би рекол и за никакви цени да се даде, а се со цел тие спортски објекти да бидат во функција, со тоа што тие концесионери да ги платат сите заостанати долгови, со цел да можат граѓаните да спортуваат и овие спортски објекти да бидат во функција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Јас во извесна смисла оваа моја реплика би ја крстил и како согласување со некои од исказите на г. Иван Атанасовски. Имено, се согласувам во се каде што спомна дека Републичката управа за царини спонзорирала спортски манифестации, културни манифестации, купувала моторни патнички возила за потребите на единиците на локалната самоуправа и тоа на околу 50 општини, значи колите останале во Република Македонија во корист на единиците на локалната самоуправа.

Се согласувам со тоа дека Републичката управа за царини спонзорирала лекување на тешко болни случаи во странство. Се согласувам со тоа дека Републичката управа за царини спонзорирала изградба на верски објекти ширум Република Македонија итн, итн, меѓутоа не се согласувам дека тоа го чинела на еден незаконски и ненаменски начин, бидејќи Републичката управа за царина има свој директор, кој според законот може да донесе одлука да се користат средствата и за такви намени, кои не се дел од буџетските средства.

Имено, Републичката управа за царини имала своја сметка на која импутите се од самофинансирачки дејности и од таа сметка може да се користат средства и за вакви цели. Впрочем сите средства што се потрошени од таа сметка се за општествени потреби и добробитот на целиот македонски народ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема веќе реплики, има збор г-ѓа Наташа Биковска, а нека се подготви г-ѓа Емилија Костадинова.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитуван главен државен ревизор, почитувани колеги пратеници,

Денес расправаме за извештај за кој неможе да се рече дека го пишувала позицијата или некои кадри на позицијата и дека во него целосно е оцрнето некое поранешно раководство и неговото работење. Сега, почитувани пратеници, овде се изнесени факти и бројки пред кои што сите мора да признаеме дека немаме право на коментар дали се вистинити или не, бидејќи тие се изнесени од страна на овластен државен орган и од најстручните и одговорни луѓе во оваа држава, надлежни за контрола на финансиското работење на државните институции.

На што сакам да го свртам вашето внимание по овој Извештај? Ќе дискутирам по Извештајот за равизијата над финансиското работење на Фондот за здравствено осигурување. И сега ќе ве замолам заеднички да ја прочитаме точката 2 од Извештајот на ревизијата на Фондот за здравствено осигурување, која што гласи:

"Според наше мислење, поради ефектите изнесени во точките 4.1, 1.4 до 1.8 и 1.12, финансиските извештаи на Фондот нереално и необјективно ја искажуваат финансиската положба и резултатите на финансиските активности во фискалната 2001 година".

Сега би се изразила народно, сосема јасно е дека податоците во Завршната сметка на Фондот за 2001 година се погрешни, завршната сметка е правена со лажни и невистинити податоци кои што необјективно ја искажуваат финансиската состојба на Фондот. Уште полошо, во следната точка 3 констатирано е дека во Фондот за здравствено осигурување не е остварено законско користење на средствата во финансиските трансакции, кои што се претставени како државни расходи. Па се прашувам: значи ли тоа дека средствата на Фондот се користени за исплата на расходи кои не се законити, кои не смееле да се прават и воопшто нема дилема дека за тоа некој мора да одговара.

Сега уште еднаш се прашувам дали и понатаму партиите, било која партија, смеат своите кадри однапред да ги штитат со напад на органите што се должни да обезбедат законито работење на државните институции и дали сеуште мислат дека ги гонат, неправедно ги гонат одредени нивни членови, дека нивните кадри исправон работат и дека тие што се залагаат за законито работење треба да одговараат пред оние што ги правеле ваквите малверзации и дека кадрите на партиите и натаму треба во оваа држава да добиваат одредени партиски заштити. Но да бидам поконкретна.

Како е можно Фондот да склучува договори со добавувачи и да плаќа а фактурите да гласат на други правни лица. Тоа беше секојдневна пракса. Како е можно Фондот на одредени правни лица, а се знае кои се, чии се, и кој е нивниот

основач да врши исплата пред да доспеат фактурите за плаќање со директна исплата или пак со склучување на цесии. Во таа смисла, за да биде работата и многу појасна како се прават злоупотреби во оваа специфична за здравјето на луѓето дејност, пракса било средства на Фондот да се депонираат како наменски депозите во деловни банки за истите тие добавувачи, а каматите од овие орочени депозити да се пресметуваат и уплатуваат на таквите правни лица. Во исто време, со ваквите привилегии на овие правни лица директно се оштетува Фондот за здравствено осигурување, бидејќи како што пишува во точка 1. 9 истовремено, замислете, тој плаќа затезни камати за задоцнето плаќање спрема други правни лица свои добавувачи. Неспорно, ваквиот систем на незаконски исплати на Фондот е присутен и преку една друга измислица на Фондот, со склучување на цесии помеѓу Фондот, јавните здравствени организации и добавувачи кон кои јавните здравствени организации воопшто немаат обврски, со што фактички се даваат аванси на одредеин добавувачи, без настанати должничко-доверителски односи. И замислете понатаму, Што е кулминација на сите овие ујдурми: Фондот склучува договор со “Јака”- Радовиш и Македонска банка за исплата на 60 милиони денари на цесеционерот Македонска банка-Скопје, за да со друг договор за цесија средствата пак се вратат во Фондот. Секој, почитувани пратеници, што малку се разбира од финансии може да заклучи дека ова давање на бескаматен кредит на Македонска банка од страна на Фондот веројатно е со цел да се обезбеди нејзина тековна ликвидност бес плаќање на камата. Овде не би сакала да кажам која е Македонска банка, чија е и кои се главни акционери во неа, бидејќи деновиве медиумите премногу пишуваа за нејзината сопственичка структура, но сакам да истакна дека еден од нејзините акционери сигурно е поранешниот директор на Фондот, односно неговиот возач.

Исто така, во точката 1.11 морам да укажам дека се наведени повеќе малверзации со јавните здравствени организации и Фондот. Од страна на Фондот при групни набавки за потребите на јавните здравствени организации, па дури и за огрев вршени се повеќе набавки без тендер по референтни цени ,по договори утврдени уште од 1993 до 1999 година, а склучени се и низа договори за непосредни набавки, иако истите надминуваат износ од 5 илјади германски марки. Нема да ги напоменувам со кои фирми, чии фирми и какви износи, бидејќи тоа сосема се подразбира. И, замислете, набавувани се цветни аранжмани за 266 илјади денари без тендер во периодот кога здравството немаше веќе пари ни за лекови ни за основните медицински помагала. И покрај цветните аранжмани, потребно е да се

напоменат и наградите на членовите на Управниот одбор на Фондот, сами на себе си доделиле во форма на рачни часовници, подароци од по илјада германски марки по парче и надомест за користење на поделените мобилни телефони, иако тие не се во работен однос во Фондот. Згора на тоа, дуплирана во однос на планираните средства е и сумата за репрезентација, каде што се потрошени 4.224.000 денари. Морам да признам дека оваа сума ме натера да пресметам некои работи, па пресметав дека секој ден е трошено по една плата за репрезентација на доктор специјалист. Морам да ви кажам и тоа, со сета почит кон нашиот почитуван кардиохирург, дека во овој период се толерирани незаконитостите што се правени во кардиохирургијата во Воената болница, каде што приходите кои се наплатувани на овој оддел не се уплаќале во Фондот, што е законска обврска. И уште полошо, износот на платената партиципација не се намалува од вкупно фактурираниот износ за извршените здравствени услуги во Кардиохирургијата. И уште најлошо, ако сакате износот на ваквите приходи од уплатената партиципација, ниту ревизијата неможела да ги квантифицира, бидејќи никој не воде евиденција за истите. Но кога е во прашање овој корисник на средствата од Фондот за здравство надминати се и исплатите на Фондот во однос на оваа здравствена институција, што биле веќе договорени на штета на Фондот со повеќе од 14,5 милиони денари.

Почитувани колеги, за жал, во здравството, односно во најхуманата и најблагородната дејност некои луѓе работеле спротивно на сите законски прописи и се потрудиле здравството да го дотераат до работ на пропаста. Се надевам, а и граѓаните на Република Македонија очекуваат констатациите и заклучоците од Државниот завод за ревизија Владата на Република Македонија да ги реализира во целина и во иднина да не ни се случува народните пари да се трошат за такви елементарни непогоди предизвикани од фактор човек.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Реплика, г-дин Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Слушајќи ја колешката Бикова како го репрезентира Извештајот од ревизијата, неможам да одолеам а да не прашам дали таа ова го подготвила по однос на сегашната состојба во Фондот за здравство. Зборува за 100 милиони кои биле преку Македонска банка, но јас би ја прашал дали знае колку пари од Фондот кога неликвидноста на Фондот е зголемена се депонирани за да се добива камата во Комерцијална банка сега.

Второ, дали цветни аранжмани или не? Па нормално е цветни аранжмани, па во вторникот овде имавме цветни аранжмани кога г-динот претседател и потпретседател потпишуваат свечена обврска и дали тие беа платени или беа позајмени?! Јас неможам да сватам дали треба на тој начин да се функционира.

Меѓутоа, јас би потсетил уште еднаш на една работа. Во ова Собрание беше и на Комисија каде што колешката Бикова е присутна, имаше и Извештај за работењето на Фондот и неговата завршна сметка. Ќе потсетам уште еднаш каква е завршната сметка која ја направи овој Управен одбор на Фондот . Според тоа, за дупки, за црни дупки и за незнам што се друго да не зборуваме на памет и да не ја обмамуваме јавноста со некои т.н. црни дупки. Тоа  е строго дефиниран профил на средства каде се, како се и зошто се. Дали имало ваму или таму, тоа е предвмет на ревизија и ревизијата ќе си го каже своето. Меѓутоа, состојбата која ја опишавте многу е налик на состојбата која што сега ја имаме со средствата кои се депонирани во Комерцијална банка, а неликвидноста во однос на добавувачите е зголемена за преку 50 индексни поени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Постои одговор на оваа реплика-повелете.

НАТАША БИКОВСКА:

Секако, најпрво да кажам дека сум Биковска.

Мора да му признам на професор Оровчанец дека мојата дискусија е спремена исклучиво по материјалот што ни е доставен како Извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година, а се однесуваат на контрола на финансиското работење за државните институции во 2001 година. Така што во тоа нема никакво сомнение.

Покрај тоа, да кажам дека најмалку очекував професор Оровчанец да ги брани средствата потрошени за цветни аранжмани, кои што ќе повторам се во износ од 266 илјади денари.

Понатаму, ќе кажам дека на Комисијата ние го браневме и го анализиравме Извештајот за работата на Фондот за 2002 година и се надевам во овој пратенички состав имаме можност да ги анализираме работите на Фондот за оваа година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, вака да се договориме: Десет секунди пред истекот на репликата и контрарепликата јас ќе притиснам на ѕвончето така што да привршувате.

За реплика се јави г-динот Блаже Стојановски, три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сум пријатно изненаден од бројноста на дискусиите и активноста на пратениците од СДСМ и ова очекував да го видам и при изборот на Хисни Шакири за потпретседател на Собранието и при донесувањето на законите со кои се овозможи покачување на ДДВ, на струјата, на лековите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Блажевски, ова не е реплика на дискусијата. Ве молам ако можете држетесе до темата на претходната дискусија.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Да, да ова е темата на дневен ред, затоа што бројноста на дискусиите се однесува на периодот од 2001 година, кога на власт беше Владата на широката коалиција, во која што учествуваа и министри од СДСМ. Со ниту еден збор не слушнав да се зборува за целината на работите, туку само за оние делови каде што имало функционири од тогашната позициона ВМРО-ДПМНЕ.

Од тие причини, сметам дека пратениците на СДСМ ќе реагираат и на претставниците на ДУИ кои во тоа време незнам на кој начин ги остваруваа средствата за нивна активност, а се надевам дека сватија дека со поништувањето на приватизациите и на можноста на сопствениците, да речеме на “Лозар”-Битола да влезат во својата фирма се доволни факти да им стане јасно дека на овој начин само се бркаат инвеститорите од Република Македонија. Да не спомнувам дека странските директни инвестиции се на смешно ниво и овој начин и овој пристап кон работите навистина не води никаде, туку води само кон враќање назад и барање на некакво алиби со кое се откупува неспособноста на оваа власт пред граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

(процедурално)

Почитуван претседателе, морам да реагирам. По втор пат еден од претставниците на опозицијата им укажува на пратениците од СДСМ за што треба да дискутираат. Сите пратеници на СДСМ, за жал се спремни и дискутираат по точката на дневен ред. До колку вам не ви се допаѓа тоа и немате аргументи што да

кажете за сите криминални активности што се правени, оставете ги пратениците да си кажат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас би молел малку да стивнат страстите и навистина да се реплицира на она што е кажано. Ако имате забелешка дека нешто не е спомнато во минатото, тогаш немојте вие истото да го правите. Да се држиме до тоа.

Реплика има г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Процедурално би сакал да кажам, со оглед на тоа што координаторот на СДСМ кажа и јас се согласувам дека дискутираат за точката на дневен ред, меѓутоа, би сакал да напомнам дека во Извештајот за 2001 година, но кој што вели дека тоа се криминални работи што се напишани тука, дека во тој период и СДСМ учествуваше во Владата на Република Македонија, преку Минстерството за одбрана, Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи и нормално надолу сите јавни претпријатија кои беа, или поединки на тоа, така што и етикетирање однапред дека тоа се криминални дејствија, иако директорот на ревизорската куќа кажа дека овие се можеби незаконски работи, меѓутоа , не се криминални, тоа е дурга работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

(некој од пратениците бара реплика)

На кого имате реплика? (на Биковска)

Неможе на Биковска да имате реплика. Ако сакате, јавете се за говор.

Г-динот Зуди Џелили има реплика.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имам впечаток дека Извештајот за ревизијата се злоупотребува за политички цели и за политички маркетинг. Бидејќи овој Извештај е дискутабилен за да се разледа на седница на Парламентот, поради тоа што нема законско право ниту било каква друга подршка, Државниот завод за ревизија да биде предлагач на ова точка. Бидејќи оваа Влада не се занимава со актуелни прашања и да покаже конкретни резултати за да ја извади државата, земјата од криза , една година и повеќе се занимава само со прашања од минатото време, значи, во недостиг на резултати.

Од друга страна вие им обрнавте внимание  дека криминалните прашања не се решаваат овде во Собрание, некој продолжува со криминални изрази и со

арогантност да манипулира со јавноста. Ве молам, да им обрнете внимание на сите тие кои овој Извештај го ставиле на дневен ред заради политички маркетинг и за да ги покријат недостатоците на нивното владеење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас би сакал на ова една мала забелешка. Извештајот е ставен и тој мора да се помине. Јас го добив овој дневен ред како нов претседател.

А тоа што се користи за политички, не би рекол маркетинг, туку настап, тоа е сепак легитимно право, бидејќи опозицијата пред малку од тој аспект излезе за да немаме овде кворум и јас тоа го почитувам, а што е најбитно досегашните дискутанти се држеа до Извештајот, тоа го признавам и уште еднаш апелирам да не се користат груби зборови, особено зборови со кои се карактеризираат луѓето кои некој друг треба да ги докаже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки нема понатаму реплики, за збор се јави пратеничката Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, господине Тошевски, колеги пратеници,

Накратко ќе земам учество во расправата по годишниот Извештај за извршените ревизии и за работата на ДЗР за 2002 година. кој опфаќа контролирани субјекти за нивното работење во 2001 година.

Извештајот, концепциски е добар, сеопфатен е, изобилува со податоци, табели, констатации, укажувања и ги лоцира сите оние неправилности со кои се соочил ДЗР контролирајќи ги субјектите што подлежат на ревизија согласно член 6 и член 7 од Законот за државна ревизија.

Состојбите се лоцирани, мерките и заклучоците не недостигаат. тоа навистина е во ред. Забелешка не можеме да најдеме на оној дел што е сработен, стручно, квалитетно, компетентно.

Но се прашувам која е целта на овој втор по ред Извештај што Парламентот во овој состав го разгледува. Состојбите, заклучоците, констатациите, па и неправилностите се повторуваат.

Нема скоро ништо изменето по минатогодишното разгледување на извештајот за работењето на ДЗР за 2001 година кој ја опфаќаше работата на контролираните субјекти за 2000 година. Изменети се само субјектите на кои е вршена ревизија (оние

кај кои не е задолжително еднаш годишно) и во мал процент, односно со половина процент е зголемен опфатот на примерокот. Во ефикасноста нема никаков напредок.

Од 1740 субјекти, контролирани се само 95 субјекта или 5,46% од целината или во просек по ревизор не цели три ревизии годишно.

Во претходната година од 1752 субјекта ревизијата беше извршена само кај 87 субјекта или само кај нецели 5% од примерокот. симболично зголемување од 8 субјекта или 0,50%. Навистина голем напредок! со таква динамика на работа секој од субјектите што не подлежи на задолжителна контрола секоја година, тоа се 1483 субјекта или 85,23% од целината), може да дојдат на ред за контрола или за повторна контрола (по околу 4% годишно) на ред за петнаесетина години. Дотогаш може да работат по свое, да трошат да позајмуваат да не вршат пописи и сл. Затоа што нема кој да ги контролира.

Причините за малиот опфат остануваат исти. Недоволен број ревизори односно нецелосна екипираност на ДЗР. Тоа го констатиравме и минатата година. Проблемот е лоциран, разрешница неможеше да следува поради познатите причини - рестриктивен буџет и неможност за вработување во државната администрација. Владата во своето мислење по разгледувањето на извештајот дава препораки за искористување и на останатиот секторски кадар во ДЗР.

Дали е размислувано за тоа или само се инсистира на зголемување на бројот на ревизорите?

Но што е и со другите проблеми односно констатации? Мислам дека тука може да се употреби онаа народна поговорка: "кучињата лаат, караванот си врви"

Ревизорите си ја завршиле работата онаму каде според годишниот план и програма добиле задача, изготвиле 99 извештаи, како што е редот, ги доставиле до контролираните субјекти, некои приговарале, некои не, некои приговори се прифатени, некои одбиени и ДЗР си ја завршил работата онолку колку што ја завршил и на крај го изготвил овој извештај.

И сега се прашувам зошто целиот овој трошок, да не речам луксуз, кога и по 90 дена од приемот на конечниот извештај, надлежните органи на РМ, (Владата , Јавното обвинителство, МВР), не превзеле мерки за санкционирање на наодите од ревизорските извештаи.

Се доаѓа до констатацијата дека и покрај утврдените неправилности по разни основи, субјектите ќе продолжат да работат на ист начин и понатаму, бидејќи изостануваат репресивните мерки и санкционирањето на одговорноста на сторителите, на одговорните лица.

Од последните прилози од Годишниот извештај на ДРЗ - прилог број 7, даден ни е преглед на извештаи за кој Државниот завод за ревизија не добил известување по член 23 од Законот за државна ревизија. Тоа се вкупно 79 субјекти, за извршени 87 ревизии и доставени 83 извештаи. Што значи тоа? Само од мал број субјекти (7 на број) за извршени 12 ревизии и 12 извештаи, ДЗР добил повратно известување по член 23 од Законот за државна ревизија.

Па каде е сега логиката и економската оправданост да се залагаме за зголемување на бројот на државните ревизори и неговата целосна кадровска екипираност? Зарем само за да ја зголемуваме трошковната страна на буџетот без никакви ефекти? Во тој случај би се добило само истото сознание. Утврдени неправилности кај поголем број субјекти, непреземени мерки кај поголем број субјекти и ситуацијата воопшто нема да се промени. Штом изостануваат санкционирачките мерки ситуацијата нема да се промени на подобро. Што значи тоа? Целта за спречување на девијантните појави кај корисниците на буџетските средства, единиците на локалната самоуправа, кај јавните претпријатија и другите корисници без санкции нема да биде постигната.

И се прашувам сега, зошто да набројуваме случаи за кои имаме сознанија од сопствените средини за ненаменско трошење и злоупотреби на средствата за патишта, водоводи, канализации, спортски сали и слично кога од сето тоа нема да има ефект. Ќе испадне дека зборуваме без основа.

Иако во извештајот е кажано дека ДРЗ може да врши контрола и кај субјекти за кои сознанија за неправилности и незаконитости има добиено и од средствата за јавно информирање од писмени и усни информации, од јавните дебати во Парламентот и дебатите во општинските собранија, сметам дека кога нема повратна информација за преземени санкционирачки мерки, сето тоа ќе остане само мртво на хартија. Нема да има менување на состојбите и наредната година пак ќе разгледуваме извештај со иста форма и содржина само можеби во друга боја.

Како може големи јавни претпријатија, со по 30-тина подружници да не бидат воопшто предмет на ревизија некои дури и од нивното формирање? А подлежат на задолжителна ревизија еднаш годишно. Се прашувам како може да не е извршена ревизија во бирото за неразвиени подрачја кога целата македонска јавност знае какво ненаменско трошење на средства имавме минатите години за проекти финансирани преку Бирото, потоа проекти финансирани од средствата од продажбата на Телеком и други субјекти.

Јасно ми е дека целта на една ревизија не е само да се утврдат неправилностите и тие да се санкционираат. Целта треба да е и советодавна, превентивна. Ако ревизиите се почести субјектите очекувајќи дека нивното работење во смисол на контрола на законското трошење на буџетските средства, средствата на јавните претпријатија, фондовите, агенциите и другите корисници, правилното изготвување на финансиските извештаи ќе бидат реални, тие ќе бидат во перманентна т.н. “приправна состојба”. Но кога недостасува крајната мерка - одговорноста , произлегува дека субјектите и по укажаните неправилности, истите ги повторуваат. Тоа е констатирано и од изготвувачите на извештајот, односно и по повторените ревизии кај пооделни субјекти, констатирано е дека неправилностите не се отстранети, укажувањата не се почитувани, со еден збор кажано, се продолжило да се работи по старо.

На почетокот реков дека ќе бидам кратка и еве ќе привршам со мојата дискусија.

Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на ДЗР за 2002 година ќе го прифатам, затоа што она што е направено е направено и не може да се измени. Истиот е прифатен и од Комисијата за финансирање и буџет чиј што член сум, со повеќе заклучоци, а и во самиот Извештај дадени се Предлог-заклучоци.

Почитувани пратеници!

Сметам дека заклучоците, констатациите, укажувањата не треба да останат само мртви букви на хартија. Мртвото море нека се разбранува и на површина нека излезат сите неправилности, злоупотреби, без разлика дали се санкционирани или не. Односно да го видиме тоа преку една повратна информацијај пред Парламентот.

Во спротивно демотивирачки е, повторно да се разгледува само убаво спакувам и дизајниран извештај.

Се надевам, а и граѓаните на Република Македонија очекуваат констатациите и заклучоците по Извештајот на Државниот завод за ревизија, Владата на Република Македонија да ги реализира во целост, за да во иднина да не ни се случува на незаконски начин да се трошат народните пари.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

За збор се јави пратеникот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван главен државен ревизор, почитувани пратеници, навистина денес немав намера да зборувам за Извештајто на

Државнито завод за ревизија спроведен во 2002 година, а кој се однесува за финансиските извештаи од 2001 година. Но, од принципиелни причини, бидејки овој проблем сметам дека е еден од најважните, се решив за дискусија. Нема да зборувам за конкретните извршени ревизии и пронајдени проневери, бидејки тоа беше доволно апсолвирано во дискусиите на моите колеги. Ќе зборувам општо за оваа проблематика.

Пред секој од нас се наоѓаат 420 страници Извештај од Државниот завод за ревизија, 420 страници исполнети со разни злоупотреби, нерационално користење на средства, корупција и проневера на околу 60-тина милиони евра проневерени пари од сите граѓани на Република Македонија од кои е утврдено над 60% од нив дека се направени незаконитости.

Според Законот за државна ревизија во член 6 од истиот се опфатени 15,17% извршени ревизии во Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на Локалната самоуправа и буџетите на фондовите и јавните претпријатија. И според член 7 од истиот Закон се опфатени 3,78% од сите можни ревизии во останатите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица во кои државата е доминантен акционер, агенции, фондови и други институции. Отука се гледа дека се направени во просек 10% од сите можни ревизии во сите овие горенаведени субјекти, а се злоупотребени цели 60-тина милиони евра. Хипотетички гледано ако се карикира и оваа сума се помножи со 10, се добива една фантастична сума од 400 милиони евра. И тоа внимавајте, евидентирани и книговодствено потврдени злоупотреби и расфрлувања со парите на сите граѓани. Мое лично мислење е дека во претходните 4 години на ваков начин беа проневерени над милијарда евра. Господа пратеници, ова е клучниот проблем кој придонесе за економскиот распад на Република Македонија и економското разнебитување на сите нејзини институции. Што значат овие силни пари за една држава како што е Република Македонија не треба и да се зборува. Ако се заштедеа овие пари, а можеше тоа да се случи, колкави инвестиции ќе се оствареа, колку иљадници невработени ќе се вработеа, колку помалку задолжувања во странство ќе се направеа, задолжувања кои ќе ги плаќаат и генерациите после нас. Овој е четврт Извештај изработен од Државниот завод за ревизија и досега на тоа се' се завршуваше. Надлежните органи кои требаше да постапуваат по службена должност по наодите од овие ревизии и сите злоупотреби да ги проверуваа, докажуваа и санкционираа, досега не си ја работеа оваа работа, иако беа должни не само по извештаите, туку и после секоја прозивка и барање на секој еден поединец,

граѓанин, медиум или политичар опозиционер, ефектот беше слаб, или никаков. Оваа пракса мора еднаш да престане. И сите надлежни органи тука пред се' мислам на МВР, на Јавниот правобранител, на Јавното обвинителство и судството јавно ги прозивам од оваа говорница согласно законите и Уставот на Република Македонија најсовесно да ги испитаат сите злоупотреби на службената должност и ако се докаже дека се направени истите да бидат соодветно санкционирани. Да се почне со овој Извештај и да се воспостави пракса за сите идни извештаи. Виновниците не само да се казнат, туку и да вратат дел од злоупотребените пари на граѓаните. Надлежните органи веќе почнаа вака и да работат. Не се работи тука господа пратеници за никаков реваншизам, туку за еден нов приод кон злоупотребите, криминалот и корупцијата. Ова да важи за сите бивши, сегашни и идни политичари и раководители, почнувајки од премиерот на државата до наситниот раководител на локално ниво. Да се разбие еднаш засекогаш тезата дека едната власт ја амнестира другата и обратно. За ваков почеток на работа на надлежните органи идеална беше 2001 година. Извештајот за извршените ревизии за 2001 година го правеше државен орган, а половина година од 2001 година со државата раководеше Владата на широка коалиција. Неколку министерства, поголем број на јавни претпријатија, фондови и други државни институции ги раководеа луѓе од коалицијата "за Македонија заедно". Еве, одлична шанса да се докаже дека борбата против криминалот, корупцијата и злоупотребите на службената должност не е партиски мотивирана и реваншистичка. Секоја злоупотреба која е регистрирана во Извештајот на Државниот завод за ревизија си има свое име и презиме, датум на извршувањето и потпис на одговорното лице.

Ја повикувам Владата на Република Македонија да има посебен однос кон Државниот завод за ревизија, да не се жалат средства за вработување на нови државни ревизори, за нивна едукација и за целосна доекипираност на Државниот завод за ревизија за да се покаже дека навистина се сака нејзиното работење и работењето на сите државни институции да бидат будно пратени и навремено да се откриваат и казнуваат сите идни злоупотреби, да покаже дека се сака овој скромен процент од десетина посто на извршени ревизии да се зголеми повеќе пати, да се покаже дека се има најсериозни намери во борбата против криминалот, корупцијата и разните злоупотреби. Дефинитивно, секој еден политичар и раководител да свати дека е будно пратен во своето работење и дека криминалот, корупцијата не ќе бидат во иднина исплатливи бизниси, бидејки штетата ќе биде многу поголема ако се

откријат нивните против законски работења од евентуалната корист што би ја оствариле со извршениот криминал и злоупотреба.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ: (Продолжение)

Посебно ќе бидам среќен ако Државниот завод за ревизија со полн капацитет и со многу повеќе извршени ревизии се покаже за време на владеењето на оваа власт. Убеден сум дека актуелните функционери и раководители и сите политичари работат многу поразлично од претходните, се прават големи заштеди во сите државни институции и верувам дека оваа моја констатација дефинитивно ќе биде потврдена со следните извештаи од Државниот завод за ревизија кои ќе следат наредните години, а ќе се однесуваат на работењето на оваа власт.

Со заштедите што ќе се направат, а од овој извештај видовме дека тоа се огромни суми на пари, собрани од нашите сиромашни граѓани, ќе се отворам нови перспективи во сферата на инвестициите, ќе се обезбедат илјадници нови вработувања, многу помало задолжување во странство и на крај ќе се создадат услови за намалување на даноците.

Со проектирањето на новиот буџет за 2004 година, колку што ми е познато, не се предвидува промена во даночната политика, но верувам дека со ваквиот начин на раководење и штедење ќе се создадат услови при проекцијата на буџетот, веќе за следната 2005 година, да се намалат даноците, да се растоварат стопанските субјекти и сите граѓани на Република Македонија. На крајот на краиштата тоа и го ветивме пред граѓаните на Република Македонија.

Сосема на крај, за некого можеби повторно звучи бригадирски, но верувајте, навистина ќе бидат потребни илјадници чесни и поштени бригадири во права смисла на зборот, кои повеќе години ќе работат на стабилизирање на економската состојба на државата, ќе ги повратат изгубените морални вредности на сите сегашни и идни политичари и ќе ја вратат надежта кај граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

По втор пат како Парламент ја имаме можност да разгледуваме еден годишен извештај за извршени ревизии на Државниот завод за ревизија, и добро е тоа, за да можеме да дадеме свој придонес во успешноста на работењето на самиот завод за Државна ревизија. Честитки од мене за квалитетно изготвен еден годишен

извештај, над 400 страни, компетентно изготвен од компетентни лица, каде се отсликува состојбата во работењето на државните институци кои работат, односно трошат државни пари, пари на граѓаните и граѓаните треба да имаат увид за тоа. Во тој правед уште еднаш повторувам им честитам на сите што се вклучени, посебно на самиот Државен завод за ревизија. И претходниот состав на Парламентот требало да го прави тоа, но не го правел.

Искрено да ви кажам иако доста е обемен материјал, искористив доста време да го анализирам и да дадам свој придонес за она што е наведено тука. Искрено да ви кажам, најсреќен ќе бев, како што сум среќен што имаме таков извештај, ако состојбите во државните институции кои се под опсервација на Државниот завод за ревизија беа такви, дека истит работеле во согласност со Законот, наменски се трошени средствата и тн. Но, од тоа што сите го истакнаа, ќе ми дозволи претседателот да истакнам, затекнавме едно хаотично работење, хаос во работењето во трошењето на државните пари од страна на поединци, раководители, институции и тн. И не случајно сме некаде на 103 место по основ на криминал и корупција, во светот, токму од вакво несовесно и незаконско работење, што се отсликува токму преку овој годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2002 година, а се однесува на финансиските извештаи од 2001 година.

Искрено да ви кажам добро ќе беше во овој извештај, како што имаме спомнување на многу фирми кои влегле во лавиринтите на некое незаконско работење, добро е да се спомнат и раководителите на соодветни државни институции, агенции, фондови и тн. кои, за жал, придонеле, се разбира во ненаменското и незаконското трошење на државните пари. Не треба соодветна државна институција или агенција или јавно претпријатие ако некој раководител си го дозволил луксузот да си прави такви незаконски дејанија, да се поистоветува со целокупната институција дека сите се такви односно комплетно институцијата затаила во тој правец. Јас нема да навлегувам во некои анализи, иако некои мои претходни соговорници и тоа го имаа предвид. Општа е констатацијата, над 60% од институциите кои се под опсервација каде е извршена ревизија, има незаконско работење. Тоа е факт. Да беше и 10% незаконско работење во одделните институции, тоа е негативна појава, а не 60%.

Разочаран сум од тоа што некои одделни говорници ги врзуваат критиките што ги изнесуваат одделни пратеници со тоа дека се работи по основ на некоја политичка определба, да речеме врз етничка припадност и тн. Не треба така да гледаме. Овде треба да водиме фронтална борба против она што се вика

ненаменско и незаконско работење, сите пратеници и од позицијата и од опозицијата, и новинарите, и надлежни институции и тн. Тоа зло мора да го искорениме. Не случајно во разни економски совети се констатира дека можеби и странските инвестиции не се на потребното ниво проади тоа што имаме висок степен на корумпираност. Ова се потврдува. Не треба да биде некој економист и било што па да го согледа тоа. Тоа се егзактни бројки од компетентни луѓе и како такви треба да ги прифатиме и критички да се осврнуваме, а не по основ на некои политички гледања дека еве во 2001 година на власт беше некоја друга влада и сега ќе критикуваме. Не. Без разлика кој да е, од било која политичка партија, треба пред се да се применува законот во трошењето пари, оние пари кои ги собираме од страна на граѓаните. Не треба тука да го врзуваме Рамковниот договор со Извештајот како што се кажуваше, или вчера слушав, носиме закон за трговски друштва, па викаме тој закон не е во согласност со Рамковниот договор.

За успешно справување со ова зло, Државниот завод за ревизија сеуште го нема најдено своето место. Веројатно ние ќе донесеме и соодветни заклучоци со кои ќе ја обврземе Владата истите да ги спроведе. Во тој правец во самиот извешта е кажано дека треба што побрзо да се направи кадровско екипирање. Факт е дека опфатот на институциите кои се предмет на самиот Државен завод за ревизија не задоволува. Незадоволува затоа што истиот кадровски не е доволно опремен. Тука не треба да се штедат средства. Потребно е техничко опремување. Понатаму, треба да имаме поголема независност за Државниот завод за ревизија, финансиска независност, да си ја врши работата така како што треба според соодветните стадарди, според самиот закон за државна ревизија и тн. Треба да има јавност во работењето. За сите тие неправилности мора да постои информирање. Нема прикривање. Она што се прави под закрила нема добра завршница.

Понатаму мислам дека доцниме во смисла на разгледување на ваквите извештаи. За жал, ние разгледуваме извештај од 2001 година, за финансиското работење на институциите во 2001 година. Мора тој рок да се смали. Мора тука да се преземаат соодветни мерки, овие извештаи да бидат пооперативни, побрзо да доаѓаат и истите да ги разгледуваме.

Понатаму, како што истакна државниот ревизор, онаму каде што има индиции дека е направен поголем криминал, неминовна е соработката со надлежните институции, надлежни за спроведување на активности во тој правец, да речеме соработката со Корупциската комисија, соработката сега со Финансиската

полиција, соработката со Јавното обвинителство, со Министерството за внатрешни работи и тн. За сите овие лица кои се носители на вакви дејанија, нема што да се размислува дали треба да се преземаат соодветни активности или не треба да се преземаат. Никако не треба да се толкува прашањето за некаков политички реваншизам, за она што е направено, да се рече сега го гонат него затоа што е со друга политичка опција. Не треба ние така да размислуваме. Се разбира во контекст на една таква соработка сме на добар пат за намалување на вакви незаконски дејанија, ненаменско трошење на тржавните средства и се разбира секој кој е одговорен, е раководител на соодветна институција треба да го почитува пред се законот, на тој начин можеме да ја враќаме довербата, а не да бидеме, она што претходно го истакнав на 103 место по однос на корумпираност и тн.

Сметам дека овие забелешки ќе се земат предвид и во наредниот период, се разбира вакви девијантни појави што сме ги имале во текот на 2001 година ќе ги немаме повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Собраниските седници се единствена можност граѓаните да се информираат за работата на Државниот завод за ревизија, преку тоа и за начинот на кој се прибираат и користат парите на граѓаните.

Особено е важно што покрај законитоста и намената во нивното користење, со ревизијата се утврдува користењето на средствата од аспект на економичност, ефикасност и се дава оценка за степенот и квалитетот на реализација на програмите во сите сфери на јавното финансирање.

Извештајот навистина е обемен. Меѓутоа, јас се одлучива за еден сегмент, особено што претпоставував дека работата на министерствата ќе побуди поголем интерес кај останатите пратеници.

При нашите средби со граѓаните, најголем дел од проблемите што граѓаните ги истакнуваат се проблемите од локалната самоуправа, а со оглед на тоа што дека во извештајот на Државниот завод за ревизија е третирана токму општината Гази Баба од која јас потекнувам и доаѓам како пратеник, ја користам

оваа можност да ги информирам граѓаните од оваа општина како се трошени нивните средства од страна на општината.

Кога би се обидела на кратко да го резимирам извештајот на Државниот завод за ревизија за општина Гази Баба и за нејзиното работење, можам да го кажам следното:

Градоначалникот на општина Гази Баба господинот Борче Стефановски ја организира работата на локалната самоуправа спротивно на законските начини на функционирање. Во текот на своето работење правел пречекорувања на службената должност, ги узурпирал правата на другите органи на локалната самоуправа, располагал со средства, спротивно на законски пропишаниот начин, вршел незаконски вработувања и тн.

Ќе се задржам само на некои пречекорувања и пвореди на законите кои се наведени во извештајот на Државната ревизија.

Прво, од Буџетот се вршени директни исплати за трошоци на крајните корисници, а не преку органот на општината, без да се води сметка за висината на ставките и без одлука на Советот за прераспределба на средства, што е спротивно на законот.

Наплатувани се трошоци за транспорт на приватни возила, а четири службени возила во општината, без никаков основ ги користат надворешни лица кои не се ограничувани во потрошувачката на гориво.

За тековно одржување, од планирани 200.000 денари, потрошени се 525.500 денари. Купен е мебел и опрема во висина од 1.196.350 денари или 300.000 денари повеќе од планираното и тоа само по решенија на градоначалникот, без да се спроведе постапка за јавни набавки и без одлука на Советот, што исто така е спротивно на Законот. Набавени се две возила “Шкода фелиција” за кои се платени давачки од општината, но едното воопшто не е видено во кругот на општината. Од правни и физички лица, за помош на раселените лица во 2001 година, во износ од 180.000 денари кои претставуваат приход во Буџетот, воопшто не се потрошени за оваа намена. Значи, средствата што биле планирани за раселените лица за кои толку пати слушаме колку сме загрижени, воопшто не се потрошени за намената за која се дадени. На платниот список се луѓе кои воопшто не работат во општината.

Извештајот на Државниот завод за ревизија во овој дел е следниот:

Финансиските извештаи на Буџетот на општината Гази Баба, невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности за 2001 година, во согласност со важечката законска

регулатива. Во Буџетот на општина Гази Баба не е оставено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

Во 2001 година, во Извештајот за работата на Фондот за уредување на градежно земјиште стои: Фондот дал позајмица на Фондот за локални патишта, спротивно на одредбите на Законот за буџети и давал заеми од Буџетот на фондови и други органи во износ од 2,5 денари. За дел од извршените набавки на градежни материјали, изработка на детални урбанистички планови не се презентирани никакви документи. За спроведување на постапка за јавни јабавки, исто така, особено ако се има предвид дека за деталниот урбанистички план се исплатени 4.730.000 денари, за комуналии 492.000 денари, за административни трошоци 436.460 денари. Значи, очигледно е дека треба да се распише јавен тендер за овие средства.

Дел од фактурите за набавки немаат испратница или доколку имаат, истите немаат потпис од овластено лице за прием, немаат печат, ниту пак имаат дата и број. Заклучокот на ревизијата е повторно ист, не е остварена законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

Трошењето на средствата на фондот од локални патишта во 2001 година, во приватна режија, значи само по решение на градоначалникот без програма донесена од Советот и без знаење на Управниот одбор на Фондот, градоначалникот платил 5 милиони денари на изведувачот "Миса доел" за изградба на локален пат. Овој пат и ден денес не се знае како се гради, дали имало тендер, колку вкупно чини, со оглед на тоа што и во 2002 година се планирани средства, меѓутоа се претпоставува дека тие 2,5 милиони денари од фондот за уредување на градежно земјиште се префрлени токму на овој пат.

Ако фондовите на единиците на локалната самоуправа се основаат со цел да вршат јавни услуги на граѓаните, како што се работи на уредување и употреба на градежно земјиште, градење и одржување на локални патишта и улици, уредување на паркови и зеленила, јавно осветлување и други инфраструктурни објекти за потребата на опш, тогаш е јасно колкава е важноста од нивното нормално и законско функционирање и колку е важно средствата да се применуваат, согласно програма, а не да се злоупотревуваат. За жал, извештајот на државната ревизија укажува дека Фондот за уредување на градежно земјиште давал заеми од буџети и фондови на други фондови, спротивно на Законот за буџетите во износ од 2,5

милиони денари, прераспределба на средства меѓу трошковните ставки без одлука на Советот на општината во износ од 1.753.000 денари. Фондот за локални патишта не евидентирал вложување од постојани средства во износ од 3.601.000 денари. Неправилно е пресметана амортизација и ревалоризација на капитални средства во износ од 200.00 денари. Извршени набавки на материјални средства без обезбедени средства од буџетот за тековната година од 1.450.000 денари.

Непочитување на постапката за јавни набавки, согласно законот за јавни набавки во износ од 4 милиони и 450 илјади денари. Или за само 2001 година само за овие ставки што ги наведов не се законски употребени 13 милиони и 800 илјади денари, или повеќе од 2 милиона евра.

Она што би сакала да потенцирам дека нам ни се потребни  и на граѓаните им се потребни градоначалници, кои ќе бидат по функција на решавање на проблемите на граѓаните. Кои нема да бидат заинтересирани само за личните интереси и интересите на партијата од каде што доаѓаат. Ова особено ако се има предвид дека со новите законски прописи по локалните избори градоначалниците ќе имаат многу поголеми ингеренции, отколку што имаат денеска. Се надевам дека веќе поднесената кривична пријава против градоначалникот на Гази Баба, господинот Борче Стефановски ќе биде спроведена законска постапка од страна на надлежните органи, а исто така се надевам, а граѓаните на Република Македонија тоа и го очекуваат по заклужоците на државната ревизија Владата да ги реализира во целост, за да не ни се случи во иднина злоупотреби на трошењето на парите на граѓаните.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дин Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке со оглед на тоа што колешката од Гази Баба Славица Гркова имаше многу забелешки на работата на локалната самоуправа на општина Гази Баба, јас ќе го задржам правото и да ви одговорам во мојот говор, меѓутоа, само ќе кажам еден факт кој што мислам ека во целина ќе ја демантира, а понатаму ќе ги демантирам во мојот говор и другите.

Имено, кажа дека градоначалникот на општина Гази Баба нема распишано тендере со фирмата “Миса” за градење на пат. Г-ѓице Гркова мислам дека во тоа е и вашата пречка, што вие не знаете во општина Гази Баба што се и каде се е

направено. За овој пат можете да проверите имаше уредно објавен тендер,имаше уредно одбран изведувач, тоа е фирмата “Миса” и тој пат е направен, тој е околу 3 км, и нешто, и почнува од Кадински мост во село Идризово, го поминува целото село, доаѓа до селото Колонија, која што служи за патување на учениците до училиштето и завршува во село Јурумлери. Покрај тоа и од село Идризово и до гробиштата во село Идризово исто така е а сфалтиран согласно на овој тендер. Тој тендер си има вредност, си има изведувач, си има ревизор и надзорник.

Значи тоа е само еден нотарен факт, кој што укажува дека сето ова што се кажа е под голем знак на прашање. Инаку, само да ви кажам дека во досегашното владеење во општина Гази Баба има инвестирано повеќе од 5 милиона денари, повеќе од 15 километри изградени патишта, водоводи, да не речам, одводни канализации и сл. Затоа, би посоветувал да се оди на терен, да се види што е направено. Инаку, очигледно е дека законската регулатива е недоволно направена за да ги искристализира односите и надлежностите меѓу градоначалникот и локалната самоуправа. Затоа во многу општини во РМ имаме многу конфликтни интереси меѓу градоначалници и советите и во многу случаи има нефункционирање меѓу советот и градоначалникот во соодветната локална самоуправа. Меѓутоа, за среќа во општина Гази Баба иако мнозинството од Советот е од СДСМ, или од позицијата што е на власт, советот со градоначалникот соработуваат и општината успешно работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Славица Грковска се јави за реплика.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Г-дине Трајановски јас ја разбирам вашата загриженост, со оглед на вашите релации со градоначалникот, меѓутоа, нема во овој случај да навлегувам во тоа. Морам да Ве корегирам. Немав јас забелешки на локалната самоуправа.Извештајот на Државниот завод за ревизија го кажува се она што јас го кажав на говорницава моето излагање. Иако го прочитате детално нема ништо надвор од тоа што е изнесено во извештајот. Тој пат не е направен согласно програмата на Советот и со тоа не е законски направен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-споѓа Ганка Самоилова - Цветанова

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВА:

Благодарам.

На почетокот од моето излагање сакам да кажам дека го подржувам Годишниот извештај на заводот за државна ревизија, ја поддржувам работата на државниот завод за ревизија и би сакала да кажам доколку нешто мојот збор значи или поддршка, давам поддршка и инсистирам доколку постои било какво зомневање за злоупотреба на службената должност, за некакво сторено кривично или криминално дејствие, сето тоа да се спроведе и да се достави до органите кои можат да утврдат било какво кривично или криминално сторено дело, односно да се преземат санкции да се реагира соодветно.

Во овој случај сакам исто така да потенцирам  и да повторам она што во своето излагање го кажа г-динот Тошевски дека незаконски  и ненаменски не значи трошење на средствата незначи проневера, не знажи злоупотреба и незначи сотерено кривично дело, иако во своите дискусии пратениците од СДСМ секогаш спомнуваат кривично дело, проневера, злоупотреба, а во оваа прилика би сакала да ја потенцирам принципиелноста и доследноста на претседателот на Собранието кој ги опоменуваше во таа насока, бидејќи изречениот збор од говорницата, навистина, има своја тежина.

Целта на извештајот на државниот завод за ревизија, не е да се утврди кривично дело, бидејќи тие и немаат такви ингеренции, туку меѓу другото е да се утврди веродостојноста на сметководствената документација и наменското трошење на средствата.

Денешните дискуии пратениците ги искористија да се стават во улога на државни ревизори, искористија да се стават во улога на надклежни истражни органи, и истовремено да се стават во улога на судии, иако малку мина од нив, вклучително и јас се ставам во оваа категорија, апсолутно не разбираат и не им е јасно што е потценета а што е преценета ставка и си дозволија секакви произволни интерпретации, вклужително се разбира, и пропагандата, дискредитацијата на поедини личности која е легитимна во овој парламент односно законодавен дом.

Меѓу другото, сакам да кажам дека во 2002 година на 1 јануари профункционира стрезорскиот систем на работење и на тој начин беа анулирани големб рој од недоследностите во работењето на овие државни органи, каде што е направен увидот во начинот на нивното работење и трошењето за средствата.

Не можам во овој случај а да не кажам дека во согласност со изготвениот извештај од Заводот за државна ревизија, поднесени се забелешки од страна на Министерството за култура, забелешки кои се наоѓаат на 4 страници во А4 формат, кој за жал Државниот завод за ревизија не ги усвоил иако е уредно доставена

документација како поткрепа на се она наведеното и во таа смисла мислам дека има одредена тенденција во извештајот, како и тенденција во смисла на формулирање на одредени состојби со цел да се имплицира некакво кривично дејство итн. Во секој случај повторно ќе кажам дека апсолутно го поддржувам извештајот и ќе гласам за извештајот.

Како поткрепа на тоа дозволете ми само неколку конкретни случаи да кажам, кои беа тука изнесени од говорницата како колегата Прешоскио од Крушево. Се вели дека не се евидентирани 93 уметнички слики и 2820 книги со што се имплицира дека туку речи поранешната министерка за култура тргувала со уметнички слики. Еве што стои во забелешките. Инаку, претходно сакам да ја слушнете формулацијата. Не се евидентирани 93 уметнички слики и 2820 книги, односно извршен е физички попис, искажани се количински, но не и вредносно. Значи сликите се наоѓаат во Министерството за култура. зошто не е искажана нивната вредност? Затоа што сликите се добиени како подарок на Министерството за култура и тие се наоѓаат во Министерството за култура. Но не е забележана нивната вредност затоа што вие не можете тој што ќе ви ја подари да прашате колку чини сликата, за тоа да биде евидентирано.

Во однос на неизвршеното вредносно попишување на 2820 книги не е направено затоа што книгите се одстапувани со годишните пријави на конкурс, затоа немаат вредност, односно сите издавачи кои на одреден начин биле субвенционирани од страна на Министерството за култура во издавањето на нивните публикации или книги се должни на Министерството за култура да му отстапат одредена количина од книгите.

Понатаму, во извештајот стои, јас навистина се згранав кога прочитав за некои неевидентирани, односно непресметана амортизација на 4 машини за перење и навистина бев изненадена дека во Министерството за култура може да постојат машини за перење. Потоа ми беше кажано дека тие се наоѓаат во подрумот и дека се купени пред 1998 година дека на истите тие не е евидентирана и пресметана амортизацијата, затоа што никогаш не биле ставени во употреба. И оваа забелешка значи не е усвоена од страна на ревизорот. Понатаму, стои дека од Министерството за култура се префрлени 7,5 милиони денари без донесено решение за одобрување на средствата од страна на министерот, со цел финансирање на дејности од областа на културата. што стои во образложението, односно во забелешката. Средствата во износ од 7,5 милиони денари се одобрени на 31.12. 2001 година, во раздел 18,001 Министерство за култура на ставката 463 од страна на

Министерството за финансии и истите се објавени во Службен весник број 1/02 од 15.01.2002 година. Значи и ова не е влезено во забелешките.

Понатаму стои дека не се работело, не е објавен годишен финансиски план. финансискиот план е доставен дополнително до ревизорот, но тоа не е усвоено во забелешките и низа такви недоследности.

Тука беше кажан еден пример од страна на пратеникот Прешоски кој звучи фантастично, бомбастично. Вели Министерството за култура купило фотоапарат од 159 илјади денари, па потоа следи приказната дека пратеникот шетал низ продавниците каде што има фото опрема и не можел да најде таков апарат. Точно така, апаратот, односно се префрлени средства од Министерството за култура за набавка напрофесионален дигитален фотоапарат. Сега ќе ви кажам која е целта. Во 2001 година беше за прв пат во Македонија формирано здружение на фоторепортерите од Република Македонија и Министерството за култура даде и финансиска и морална поддршка за формирање на едно вакво здружение. Беше организирана изложба, Министерството за култура во целост ја поддржа финансиски, беше и иницијатор и меѓу другото беше востановена награда за најдобра фотографијана годината наречена “Живко Јаневски” која стана традиционална и која до ден денес се доделува на најуспешната фотографија во текот на изминатата година, а наградата е професионален фотодигитален апарат. Ете за таму се употребени средствата. Има низа низа други такви забелешки кои не се усвоени Јас апсолутно немам намера сите четири страници да ги чита, ако треба дополнително не ми пречи тоа да го сторам. Но, навистина, е многу депримирачки што к ултурата се третира од аспект на фотоапарати, од аспект на машини за перење, од аспект на скандали, а не се дава нејзиниот вистински третман, значи од аспект на скандали, а од друга страна деновиве читаме дека еден благороден проект кој постоеше три години, а тоа е функционирањето на Балкансксата филхармонија е укинат.

Би сакала исто така да кажам дека јас ваква доследност и вжештина во излагањето ќе очкувам од пратеникот Прешоси, кој доаѓа од Крушево оној момент кога ќе се дискутира за начинот на потрошените средства за манифестацијата 100 години Илинденско востание бидејќи знаеме колку средства беа доделени и како се потрошени. бидејќи тој доаѓа од Крушево и ги застапува правата на граЃаните од Крушево и се надевам дека тогаш и ќе го потсетам, кога ќе биде на дневен ред прославата, односно начинот на трошењето на средствата за манифестацијата 100 години Илинден дека ќе земе активно учество во дискусијата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика од три минути има г-динот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, должен сум да и одговорам на пратеничката за она последното околу извештајот за прославата на 100 години Илинден, нека биде дека сигурно ќе земам активно учество и за тоа нема да се срамам. Но очекував една ваква дискусија од нејзина страна, бидејќи кога јас дискутирав видов дека таа нема храброст всушност да ми реплицира. Требаше толку време да помине, па да се подготви за една таква дискусија и мисламдека тоа што го зборувате вие мислите дека е вистина, а излегува дека навистина сте во голема заблуда. Се обидувате да се правдате, а наодите и констатациите во овој извештај се навистина точни. Просто не ми се верува колку успеавте брзо да ги совладате лекциите од алхемија, за мешање на стварноста и привидот. А вистината госпоѓо, навистина, е овде.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо ганка имате една минута за одговор на реплика.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВСКА:

Мислам дека на оваа реплика г-динот Прешоски не е достоен за моја контра реплика.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Михајловски Јордан.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван г-дине Тошевски,

Мојата реплика во однос на излагањето на почитуваната госпоѓа Самоилова, ќе биде во обратен редослед. Ги почитуван сите оние вредности и резултати што ги имаше за време на нејзиното министерување. Така ја почнувам мојата реплика. Што значи, не сум во заблуда за сите оние вредности и резултати кои се постигнати, кои во континуитет сега треба другиот министер да ги извршува. Меѓутоа, ја сваќам тешкотијата и апологијата која е спротивна на принципите на сопствената совест и разум. Денеска очекував од неа да слушнам за релацијата на која се остварувале принципите на раководењето со јавните набавки. Јас не зборувам за законитост, тоа треба други да го ценат. Штом сме тука, веднаш ќе кажам. Не е дека не е донесена во тоа време годишна програма со која министерот го утврдува годишниот обем на

националниот интерес во културата во рамките на буџетските средства. Не е усвоена инвестициона програма за 2001 година, ниту пак има траг од некој извештај за инвестиционите вложувања.

Што се однесува до спорните слики, јас сметам дека тие имаат непроценлива и естетска и материјална вредност и сега недај боже некој да подари слика од Пикасо и ние не знаеме да ја вреднуваме, или од Личеновски,  за Мартиновски и да не зборувам. Целта е добиените подароци треба книговодствено да се заведуваат и да се воведат во евиденицијата во Министерството, што реално, буквално не е направено што се доведува под сомнеж дека како што се добиле можат и да се одлеат. Што значи требало да се формира Комисија која ќе ја утврди вредноста. Во Министерството за култура во тоа време не е водена евиденција на извршените јавни набавки што е спротивно со член 9 од Законот за јавни набавки. Репрезентацијата е надмината над 1 милион и 148 иљади денари. Биле пренесувани средства на пример од издавачка дејност во споменична дејност. Пренамена на ставките по принципот на дискреционото право без согалсност на Министерството за финансии, што мене посебно ме аплицира.

Потоа префрлање на средства од еден на друг проект со што проектите се осиромашувани и се дискредитирани оние комисии кои ги вреднуваат проектите. Потоа има исплаќање на средства без договор. На пример Охридско лето 680 иљади денари потрошени средства за материјали исплатени буквално без договор. Тие се аргументите за кои сакам јас да зборувам. И да завршам вака: Основната поента од наодите на овластениот Државен ревизор во однос на оној што се зборуваше тука невистиното и необјективно ја искажуваат финансиската положба во Министерството за култура, со што е нарушената релација на верба на граѓаните во институциите на системот. Латентно ја искажуваат финансиската положба во Министерството за култура, со што е нарушена релацијата на верба на граѓаните во инситуциите на системот, латентно се потхранува корекцијата  и исклучокот што мене најмногу ме боли, односно дискреционото право на министерот во одлучувањето со Јавните работи станало правило и се издигнало над законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува г-ѓата Ганка Самоилова Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Се радувам што колегата констатира дека средствата наместо за издавачка дејност биле пренаменети во споменечна дејност итн., што и тој самиот не е убеден

да реплицира било какво извршување на кривично дело. Јас делот од забелешките тука ги имам и реков дека не сакам да ги читам сите, бидејќи ќе одземе многу време и стојам на тврдењето дека секаде каде што има било какво сомневање за сторено кривично дело, Државниот завод за ревизија да ги достави до надлежните органи да утврдт за какво дело станува збор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи е 16,00 часот, завршуваме со работа, се извинувам г-динот Апостолоски Никола е трет. Па ве молам репликата ќе можете да ја кажете во вашиот настап. Значи продолжуваме утре во 10,00 часот. Првите три дискутанти се Сашо Довчев, Талат Џафери и Никола Апостолоски.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот)